„ANATOLIAN PHOENIX 19“ | ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА ГЕРМАНИЈА | „РОД, МИР И БЕЗБЕДНОСТ“ | „SIKORSKY S-76“

# ШТИТ

Број 117
Јули 2019

ISSN 1857-6710

**МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**




## „ОДЛУЧЕН УДАР“

Најголема национална теренска вежба



# Оперативни капацитети за





Претставници на Северноатлантскиот совет на НАТО оствариja работна посета на Република Северна Македонија. Во рамки на посетата претставниците од Северноатлантскиот совет престојуваа и во касарната „Илинден“, каде што домаќини им беа министерката за одбрана, Радмила Шекеринска и директорот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Зоран Милески. Претставниците од Северноатлантскиот совет беа пречекани од страна на командантот на Полкот за специјални операции, бригадниот генерал Методи Хаџи Јанев и дел од Командата. Цел на посетата на оваа висока делегација беше согледување на капацитетите за учество на единицата во



# НАТО - мисии



некои од моменталните или идни НАТО-предводени мисии. За време на посетата пред делегацијата се презентираа достигнатите оперативни капацитети на лесната пешадиска чета. Посетителите имаа можност да разговараат со дел од припадниците на единицата и воедно да ги согледаат способностите низ методско-огледна вежба. На крајот на посетата, по согледување на состојбата, претставниците од Северно-атлантскиот совет искажаа позитивни мислења од презентираното.







# содржина

ШТИТ ▪ година XI ▪ број 117 ▪ јули 2019


Инфо
**Учество на состаноците на министрите за одбрана на НАТО и на форум во Брисел** 5

24 часа
**„Одлучен удар“** 6

24 часа
**„Anatolian Phoenix 19“ Конија, Република Турција** 10

НАТО-армии
**Вооружените сили на Германија** 12

Едукација
**Конференција на тема „Род, мир и безбедност“** 18

Едукација
**Важноста на дисциплината** 22

Вооружување
**„Land Rover Defender“** 32

Вооружување
**„Sikorsky S-76“** 34

Вооружување
**MRAP „Cougar“ заштитено оклопно патролно возило** 40

Низ историјата
**„Бункарт“ - Бункерите во Албанија - печат од минатиот век** 43

Глобал
**Интеграција на заедничката безбедносна и одбранбена политика на ЕУ (CSDP) со НАТО** 46

Филм
**„Лична војна“** 56

**Богомила – Колевка на богомилството и на катарството** 58

# Армиски активности

Месец јуни најмногу беше во знакот на вежбата „Одлучен удар“, која е досега најголемата вежба одржана на територијата на Република Северна Македонија.
Вежбата започна на 5 јуни, а ќе трае до 9 јули. Во неа беа вклучени над 2.700 припадници од вооружените сили на 6 држави – Северна Македонија, САД, Албанија, Бугарија, Црна Гора и Литванија.
За оваа вежба одвоивме простор во овој број на „Штит“, но ќе има што да пишуваме и во следните изданија, бидејќи освен вежбовните активности во кои беа вклучени речиси сите единици на Армијата, синхронизирано се одвиваа и други активности во рамките на цивилно-воената соработка, отворени денови ширум нашата држава, медицински прегледи и хуманитарни акции од страна на учесниците на вежбата итн.
Дека нашата армија е постојано активна и вклучена во многубројни активности зборуваат и прилозите за четирите вежби одржани надвор од територијата на нашата држава, а на кои учествувале припадници на Армијата.
„Штит“ е ограничен со страници и простор за да се осврнеме на секоја активност која во текот на еден месец ја остваруваат нашите припадници. Ќе спомeнеме дека во текот на месец јуни се одржаа планирачки конференции, базирање и преживување во природа со дел од единиците, кондициони маршеви, семинари, курсеви, обуки, посети на високо ниво и останати активности.
Припадниците на 1. механизирана пешадиска бригада (1.мпбр), покрај учеството на најголемата вежба „Одлучен удар“, во текот на јуни активно учествува на меѓународната теренска вежба „Platinium Wollf“ во Република Србија.
Припадниците на Воздухопловната бригада (вбр) од составот на Здружената оперативна команда (ЗОК), со воена свеченост која се реализираше во касарната „Страшо Пинџур“ во Петровец го одбележаа 10 Јуни – Денот на единицата.
На 20 и на 21 јуни 2019 година во Командата за обука, советување и асистенција – Главен град, (КОСА-ГГ) на меѓународниот аеродром „Хамид Карзаи“ и во главниот штаб на мисијата „Одлучна поддршка“ во Кабул, се одржаа пригодни церемонии по повод примопредавањето на должноста помеѓу деветтата и десеттата ротација на македонскиот контингент во мисијата „Одлучна поддршка“.
Персонал од потчинетите единици на Бригадата за логистичка поддршка изведе командантско извидување на правецот Скопје – Нова Брезница – Кула – Здуње –Барбарос – Челопеци – Кичево – Скопје, со цел согледување на можностите за логистичка поддршка на командите и единиците на Армијата.
На терените на планините Дешат и Бистра, припадниците на Оклопно-извидувачкиот вод од 3. механизиран пешадиски баталјон (3.мпб), од составот на 1.механизирана пешадиска бригада, со менување на локациите успешно реализираа стручно-специјалистичка обука на тема: „Базирање и исхрана во природа“. Во касарната „Илинден“, припадниците од Четата за логистичка поддршка од составот на Полкот за специјални операции реализираа обука за поставување и функционирање на извршно логистичко командно место.
Сите овие, и уште многу други успешно завршени активности само во текот на еден месец, одат во прилог на констатацијата дека нашата армија е целосно посветена и подготвена за сите предизвици кои ги носи нашето членство во НАТО-алијансата.

д-р Жанет Ристоска




ШТИТ
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат
еднаш во месецот

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник),
Ксенија Митева
(лектор);
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)
Панде Димоска
(новинар)

Печати:
„СТУДИО НАМПРИНТ“
ДООЕЛ Скопје

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.






# Учество на состаноците на министрите за одбрана на НАТО и на форум во Брисел

Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, активно учествуваше на министерските состаноци на Северноатлантскиот совет на Алијансата во Брисел. Таа, во изјава пред првиот состанок, истакна дека нашата држава веќе е присутна на сите состаноци на Алијансата и дека активно учествуваме со свои ставови. „Нашето учество на овие состаноци ја зголемува нашата моќ, нашата сила и нашето значење како држава, а тоа на граѓаните им нуди поголема безбедност и поголеми шанси за економски раст“, рече министерката. Во контекст на ратификациониот процес кој се очекува да биде завршен до министерскиот состанок во декември, министерката го изрази своето задоволство што, иако состанокот е тежок и комплициран, во случајот со Северна Македонија се движи исклучително брзо и ефикасно, без проблеми и одложувања.

Северна Македонија активно учествуваше во дискусиите за важни глобални прашања. На првата сесија на состанокот на министрите за одбрана се зборуваше за непочитувањето на Договорот за нуклеарното оружје со среден дострел од страна на Русија. На состанокот, министрите за одбрана повторно ја повикаа Русија да ја напушти политиката на непочитување на овој договор, кој е еден од столбовите за безбедноста на европскиот континент.

На состанокот посветен на мисијата „Одлучна поддршка“ во Авганистан, министерката Шекеринска ги поздрави и ги поддржа напорите на НАТО за воспоставување стабилност, безбедност, мир, слобода и демократија во оваа земја. Таа истакна дека нашата земја ќе продолжи да придонесува со свои припадници во оваа мисија во која сега имаме 47 војници, подофицери и офицери. Тоа е факт кој покажува дека Северна Македонија не отстапува од своите позиции и секогаш носи одлуки кои се за доброто на регионот, на Алијансата, и на глобално ниво.

На маргините на состаноците на Северноатлантскиот совет во Брисел, министерката Шекеринска разговараше со министерките за одбрана на Шпанија, Маргарита Роблес Фернандес, и на Холандија, Анк Билјевелд Шоутен. И шпанската и холандската министерка изразија силна поддршка за членството на нашата земја во Алијансата.

Министерката Шекеринска оствари средба и со норвешкиот министер за одбрана, Франк Баке-Јенсен. Шекеринска имаше и две одвоени средби со министрите за одбрана на Италија, Елизабета Трента, и на Полска, Мариус Бласчзак.

По завршувањето на состанокот на Северноатлатнскиот совет, министерката Шекеринска учествуваше на Бриселскиот самит на германскиот Маршалов фонд, каде зборуваше на тема „Иновациите и новиот пристап кон безбедноста“. Бриселскиот форум е престижен годишен форум на кој највлијателните северноамерикански и европски политички, корпоративни и академиски лидери разговараат за современите предизвици на двете страни на Атлантикот. На овој форум годинава учествуваа највисоките и најеминентни државници, функционери и воени претставници како Јенс Столтенберг, генерален секретар на НАТО, Федерика Могерини, висока претставничка на ЕУ за надворешна и безбедносна политика, министри за одбрана и други видни личности од сферата на безбедноста. Шекеринска во своето излагање истакна дека добрите политички односи даваат сигнал и за соработката во сите останати полиња, како одбраната и безбедноста, споменувајќи го зголемувањето на воената соработка со Бугарија и со Грција.  За иднината на регионот, министерката рече дека нашата желба и надеж е дека овој нов пристап на решавање на проблеми ќе има поголем и поширок ефект.









# Најголема национална теренска вежба „ОДЛУЧЕН УДАР“

Вежбата „Одлучен удар“ овозможи вооружените сили на повеќе земји да споделат знаења и способности во насока на зголемување на довербата и заемното разбирање, со што ќе се зголеми и успехот на евентуалните идни заеднички учества во операции. Вежбата беше организирана и предводена од тим за планирање на нашата Армија, поддржан со планери од вооружените сили на Соединетите Американски Држави и четири НАТО држави од Европа (Бугарија, Црна Гора, Албанија и Литванија). Станува збор за масивна вежбовна активност (комбинирана здружена вежба), настан кој инволвира околу 2700 припадници на вооружените сили од пет земји-членки на НАТО и нашата држава како држава – поканета за членство во Алијансата и е досега е најголема вежба која се реализира во нашата земја. Во текот на подготовката и реализацијата не вежбата „Одлучен удар“ учествуваа припадници од скоро сите формациски состави на Армијата, во функција на борбена и реална логистичка поддршка. Оваа вежба опфати и капацитети од Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Царинската управа, Националниот координативен центар за гранично управување, Агенцијата за цивилно воздухопловство и од АД ЕЛЕМ. Овие сегменти го истакнуваат значењето на вежбата „Одлучен удар“ во сеопфатен национален контекст. Целта на вежбата беше да обезбеди синхронизација на расположливите сили и капацитети и потврда на тактиките, техниките и процедурите за координирани конвенционални операции и здружени и комбинирани операции во урбана средина, во различни временски услови и во исто време да го зголеми нивото







Во период од 5 јуни до 9 јули во Центарот за поддршка на обуката (ЦПО) „Криволак“ се одржа вежбата „Одлучен удар“, која е национална теренска вежба со повеќе меѓународни учесници и е најголема теренска мултинацонална вежба одржана досега кај нас. Крајниот исход од вежбата „Одлучен удар“ е да обезбеди развој на капацитетите на вооружените сили на земјите-учесници.

на интероперативност и интеграција како помеѓу конвенционалните, така и помеѓу силите за специјални операции на партнерските земји, потврдувајќи го нивото на борбена готовност и ставајќи ја на тест способноста на логистичката поддршка за интензивна одржливост на операции со висок интензитет.

На отворањето на вежбата на полигонот „Криволак“ заменикот–министер за одбрана, Беким Максути, порача дека оваа, досега најголема вежба која ја организира нашата армија, се случува во вистинско време во кое нашата држава е исклучително горда на постигнатото и дека Алијансата добива искрен и посветен сојузник.„Ние сме сојузник кој цврсто верува во вредностите на Алијансата и кој знае да се бори за демократијата, слободата, еднаквоста, владеењето на правото. Сојузник кој знае како е да се почитуваат тие вредности и знае дека живеењето и практицирањето на тие вредности е основата за развој на едно современо, демократско, европско општество“, рече Максути.

Заменикот–министер на војниците–учесници на вежбата импорача да бидат максимално посветени, отворени едни кон други, зашто тие се сојузници, дел од иста Алијанса. За полигонот „Криволак“ истакна дека е полигон кој ги нуди сите услови за реално извежбување. В.Д. амбасадорката на САД, Микаела Швајцер Блум се заблагодари и ѝ честита на Армијата за организацијата на вежбата. „Вежбите како ’Одлучен удар’ играат важна улога во зајакнувањето на нашата заедничка безбедност. Тие овозможуваат нашите армии да можат да комуницираат и да изведуваат заеднички операции. Тие ги поврзуваат нашите војници, градејќи меѓусебно разбирање и лични врски што траат и нас нè прават посилни“, истакна Швајцер Блум. Командантот на Здружената оперативна команда, генералот Павле Арсоски им оддаде признание на сите офицери вклучени во подготовката и организацијата на вежбата. За „Одлучен удар“ истакна дека ќе претставува најдобар доказ за подготвеноста и интероперабилснота на нашата Армија со сојузниците. Директорот на вежбата, потполковникот Игор Манасовски информираше дека планирачкиот процес за развој на вежбата траел 16 месеци, а вклучени биле 80 офицери и подофицери од шесте земји–учеснички.

## Отворен ден на „Криволак“

На 8 јуни во рамките на вежбата „Одлучен удар“ на полигонот Криволак, се реализираше тактичка вежба со боево гаѓање и артилериско боево гаѓање. Шефот на Бирото на националната гарда на САД, генералот Џозеф Ленгиел кој ги посети учесниците на вежбата, истакна дека е импресиониран и дека оваа вежба ќе ги зголеми можностите за развој на колективната подготвеност и интероперабилноста. За нашата земја рече дека е постојан партнер на Соединетите Американски Држави, и дека како земја која е посветена на заедничката безбедност ќе биде и силен сојузник во НАТО.Генералот Ленгиел, во однос на полигонот „Криволак“ посочи дека станува збор за одличен капацитет кој дава огромни можности за извежбување, од аспект на теренот, неговата големина и можностите за боево гаѓање. Потполковникот Игор Манасовски, директор на вежбата, истакна дека оваа вежба и сите активности се резултат на процес што бил планиран година и половина заедно со партнерите на нашата армија од националните гарди на Пенсилванија и Колорадо од САД и со вооружените сили на Бугарија, Албанија,



Литванија и Црна Гора „Вежбата во основа треба да обезбеди зголемување на нивото на интероперативност и интеракција на сите учесници и на крајот да овозможи оспособеност на сите елементи за да можат да функционираат заеднички во некоја идна заедничка операција со нашите парнери", рече потполковникот Манасовски.Тој информираше дека дел од вежбата се над 2.700 војници, со повеќе од 400 моторни возила, како и воздухоплови од нашата армија и од САД.

## Реализирани активности

Во рамки на вежбата „Одлучен удар" беа реализирани со повеќе активности. На 6 јуни имаше утринско гостување на националната телевизија на припадници од АРМ и вооружени сили на САД, каде преку разговор јавноста имаше можност да се запознае одблиску со активностите кои се одвиваат на најголемата вежба реализирана досега во нашата земја. Бо согласност со планот на вежбата, а во рамките на програмата за цивилно-воена соработка беше реализирана донација на книги на англиски јазик од страна на вооружените сили на САД, во основното училиште „Страшо Пинџур" и основните училишта во с. Криволак и с. Пепелиште.
Исто така, медицинските тимови од националната гарда на Пенсилванија и Средната пешадиска баталјонска група (СПБГ) од нашата армија реализираа заедничко извежбување и размена на искуства од доменот на прва помош, третирање на ранети и евакуација на повредени со хеликоптер „Ми-17". Потоа втората пешадиска чета од (СПБГ) спроведе активност „Ескортирање на конвој". Според сценариото на вежбата, во текот на движењето на конвојот од возила, едно од возилата наиде на импровизирана експлозивна направа (ИЕН) и заседа, при што две лица беа повредени и беше извршена нивна евакуација со хеликоптер „Ми-17". Реализирани беа и останатите планирани активности во согласност со листата на инциденти и настани, меѓу кои пешадиски напад на база, артилериски напад на база и одделенски боеви гаѓања. На 7 јуни, припадниците од првата пешадиска чета од (СПБГ) реализираа воспоставување и работа на набљудувачница, како и координирање и пребарување на непријателски сили во реон на с. Мушанци, додека припадниците од втората пешадиска чета од (СПБГ) реализираа подготовки за Тактичка вежба боево гаѓање (ТВБГ) со вод на стрелиштето Џидимирци, како и подготовки за артилериско боево гаѓање (АБГ) со минофрлач 82 мм со вод. На 8 јуни почна реализацијата на тактички вежби со боеви гаѓања (ТВБГ) со вод, поддржани со одделение на минофрлачи 82 мм. од Втората механизирана пешадиска чета од средната пешадиска баталјонска група. Во пресрет на активностите беше и посетата на генерал Џозеф Ленгли, началник на Бирото на Националната гарда на САД, кој ги посети мултинационалните сили од шесте земјиучеснички на вежбата „Одлучен удар" и истакна дека вежбата е од огромно значење за сите нив и придонесува за јакнењето не само на индивидуалната, туку и на колективната одбрана. На 10 јуни припадниците од втората пешадиска чета од Средната пешадиска баталјонска група (СПБГ) реализираше офанзивни дејствија на полигонот „Криволак", во реон на Кршковица, со употреба на симулаторскиот систем МАЈЛС, кој овозможува реализација на реалистична обука, додека припадниците од Втората пешадиска чета од СПБГ реализираа подготовки за тактичка вежба со боево гаѓање (ТВБГ) со чета на стрелиштето Џидимирци, како и подготовки за артилериско боево гаѓање (АБГ) со минофрлачки вод 120 мм. Штабот на СПБГ беше вклучен во процесот на донесување на воена одлука (ПДВО), почнувајќи од приемот на оперативната наредба од претпоставената команда, анализа на мисијата, донесување на одлука на командантот, изработка и доставување на оперативната наредба до потчинетите единици. Исто така, АБХО одделението, како составен елемент на СПБГ, реализираше обука. Офанзивни операции на Пешадиската баталјонска група на Армијата, заедно со припадниците на Националната гарда на Пенсилванија од САД, воздухоплови на Армијата, како и воздухопловот „Б-52" на вооружените сили на САД, можеа да се видат на Денот за високи гости на вежбата „Одлучен удар". Претседателот и врховен командант, Стево Пендаровски, премиерот Зоран Заев, министерката за одбрана Радмила Шекеринска и в.д. амбасадорката на САД, Микаела Швајцер-Блум, беа импресионирани од прикажаното сојузништво, високата подготвеност, капацитетите на војниците од земјите–учеснички и капацитетите на Криволак.



Кристина Илиевска







# Висока подготвеност, добра соработка и интероперабилност

## „Брз одговор 19“

Меѓународната воена вежба „Брз одговор 19“ е вежба организирана од страна на Командата на Армијата на САД во Европа и се реализираше истовремено на повеќе локации во Република Словенија, Унгарија и Република Хрватска и на истата секоја година учествуваат и наши припадници од различни единици на Армијата. Цел на оваа вежба, на која учествува 15 држави, беше подобрување на интероперабилноста и регионалната соработка помеѓу земјите-учеснички и компатибилноста во спроведување на процесот на донесување на воени одлуки, процедурите и комуникацијата помеѓу армиите. Вод од составот на Баталјонот за противвоздушна одбрана на Армијата учествуваше на оваа значајна на територијата на Словенија. Задачата, која за време на вежбата успешно ја реализираа припадниците на Баталјонот за противвоздушна одбрана, во соработка со припадниците на ВС на Република Словенија, беше одбрана на објект за ПВО, односно одбрана на аеродром. Персоналот од Баталјонот за Противвоздушна одбрана за прв пат со својa единица учествуваше на меѓународната воена вежба надвор од нашата држава. Делегација на Армијата предводена од заменикот на началникот на Генералштабот, генерал-мајор Азим Нуредин, присуствуваше на денот на високи гости на меѓународната воена вежба „Брз одговор 19“, кој се реализира на воениот полигон „Еугениј Кватерник“ во Слуњ, Република Хрватска. На Денот за високи гости на вториот дел на меѓународната вежба „Брз одговор 19“ делегацијата оствари средба и со припадниците на ренџерскиот вод од Полкот за специјални операции кои учествуваа на делот од вежбата кој се реализира во Хрватска. Припадниците од Ренџерскиот баталјон со формациските воени моторни возила во досегашниот период извршуваа сложени тактички задачи во согласност со зададените настани и инциденти, при што покажа посветеност и професионализам.

> Во текот на оваа година припадниците на Армијата досега учествуваа на 30 воени вежби надвор од територијата на Република Северна Македонија. Учеството на овие меѓународни вежби игра важна улога во зајакнувањето на заедничката безбедност и се разменуваат искуствата помеѓу армиите на земјите-учеснички преку заедничко извршување на поставените задачи

## „Joni 19“

Дел од припадниците на Баталјонот за специјални намени од составот на Полкот за специјални операции со своите колеги од специјалните сили на Р. Албанија и Р. Бугарија учествуваа на трилатералната вежба „Joni 19“. Во морнаричката база „Пашалиман“ во Валона, Р. Албанија нуркачки тимови од трите земји заедно вежбаа и реализираа поставени задачи. Една од целите на оваа заедничка вежба покрај соработката и размената на искуства беше и зајакнување на регионалното партнерство. Триесетината нуркачи кои учествуваа на вежбата се извежбуваа во различни бординг операции, како и подводни активности во дневни и ноќни услови. Вакивте и слични вежби овозможуваат спремноста на единицата да биде секогаш на највисоко ниво, воедно и да се зајакнат пријателските врски со колегите од останатите држави.

## „Strike Back 19“

Вежбата „Strike Back 19“ се изведуваше од 6 јуни до 20 јуни 2019 година во република Бугарија на тема „Одбрана на механизиран пешадиски баталјон“, со цел подобрување на планирањето на дефанзивни операции и премин во противнапад, со учество на повеќе од 800 лица, воен персонал од Република Бугарија, САД, Република Грција, Република Албанија и од Република Северна Македонија, како и учество на повеќе од 200 борбени и неборбени возила и воени воздухоплови. Командантот на ЗОК, генерал-мајор Павле Арсоски, присуствуваше на Денот за високи гости на вежбата „Strike Back 19“ на воениот полигон „Ново Село“ во Република Бугарија. За време на престојот генерал-мајор Павле Арсоски, покрај бројните средби со високи воени претставници од ВС на Република Бугарија и делегациите кои присуствуваа на оваа активност, оствари средби и разговори со припадниците од нашата Армија кои учествуваа на вежбата.



# „Anatolian Phoenix 19“
## Конија, Република Турција

Оваа година во големиот турски град Конија, поточно во Третата команда на главната авионска база, се одржа меѓународната вежба „Anatolian Phoenix 19“. Базата во Конија (Konya Air Base) има приоритетна задача – да биде најпрестижниот и најпосакуваниот центар за обука на тактики во светот. Базата во Конија е една од трите центри за обука на тактики во западниот свет, заедно со воздухопловната база „Nellis Air Force Base“ (домаќин на вежбата „Red Flag“ во САД) и канадските сили Cold Lake (домаќини на вежбата „Maple Flag“). Постојат национални и меѓународни вежби што се одржуваат со учество на силите на НАТО, како и на азиските земји со домаќинот на вежбата, воздухопловните сили на Република Турција. Вежбата беше замислена да обезбеди воена обука и

Со модернизација на инфраструктурата, оружјето и обуката, почнувајќи од 1980 година, турските воздухопловни сили ја сфатија важноста од одржување на воздухопловни вежби на своја територија и ја презедоа улогата на организатори и домаќини за воздухопловните сили на другите земји со цел да им обезбедат обука, а воедно и извежбување и усогласување на постапките и процедурите во воздушната средина

искуство со цел да се подобри можноста за преживување, особено во раните денови на војната, како и да се зајакне координацијата и интероперабилноста помеѓу различни воздухопловни сили што работат со различни типови на воздухоплови.
Во вежбата учествуваа воени воздухоплови – борбени, транспортни и набљудувачки авиони, како и транспортни и борбени хеликоптери, истурени воздушни контролори, единици за спасување, специјални сили и падобранци, кои ги тестираа заедничките процедури за спасување на персонал во оперативното опкружување. Активен на вежбата беше и специјалниот авион AWACS (Airborne Warning and Control System), кој е радарски систем дизајниран за рано откривање на воздухоплови во одреден воздушен простор. Детекцијата со овој авион се вршеше на пријателски и непријателски воздухоплови, од многу голема височина

со цел да се обезбеди реален домен на оперативна обука, извршување на своите тактики и обезбедување платформа за размена на идеи. Вежбата „Anatolian Phoenix 19“ имаше цел да обезбеди: зголемување на нивото на оперативната обука на пилотите и на персоналот за воздушна одбрана во најреалистично оперативно опкружување; вежбање и развивање на здружени и комбинирани оперативни процедури и намалување на загубите на минимално ниво со зголемување на ефективноста на мисијата на максимално ниво во вистинско оперативно опкружување. Вежбата „Anatolian Phoenix 19“ продолжи со своите извонредни сценарија, беше одлично планирана и координирана во воздухопловно-оперативниот центар, со цел да им помогне на учесниците да ги тестираат своите знаења и способности за да се собере искуство преку научени лекции од страна на учесниците. Сценаријата се состоеја од „Синиот тим“ кој ги напаѓаше тактичките и стратешките цели во „Црвената земја“ за време на комбинирани воздушни операции – Combined Air Operations (COMAO). „Црвената земја“ се бранеше со спротивставени борбени авиони и ракетни системи „земја-воздух“ САМ (Surface-to-Air Missile). За време на вежбата, информациите за местоположбата, позицијата и летот на воздухопловите беа пренесувани во Командниот контролен центар, односно во Системот за маневрирање со воздушните напади. Радарските патеки и проектилите од САМ-системите, позицијата на авионите AWACS, радарите на копно и другите противавионски системи, исто така се пренесуваа до Командниот контролен центар. Беа реализирани задолжителни брифинзи пред полетување и дебрифинзи после слетувањето во брифинг-салата со капацитет од 450 лица. Излезите на воздухопловите (полетувањата и слетувањата) за време на вежбата се контролираа и се командуваа од страна на оперативниот центар MASE (Multi Aegis Site Emulator). Одличен настап имаа хеликоптерите „Т-129“, варијанта на хеликоптерот позната како „TAI/AgustaWestland T-129“ на турската компанија „Turkish Aerospace Industries“ (TAI). Изведбата на овој хеликоптер (Tactical Reconnaissance and Attack Helicopters) е во соработка со компанијата „AgustaWestland“ и претставува 100% турски хеликоптер со откупена лиценца, главно наменет за Turkish Land Forces Command. Тие настапија во комбинација со авионите: „F-16 Fighting Falcon“ и „Lockheed C-130 Hercules“, како и со хеликоптерите: „Sikorsky S-70“, „Aérospatiale SA 330 Puma“, „Eurocopter AS532 Cougar“, „Mil Mi-35“ и „Ми-8“, со цел реализација на мисиите од типот: инфилтрација и ексфилтрација на трупи, евакуација на повредени, борбено барање и спасување, падобрански десант, како и учество на истурени воздухопловни контролори.

Како високи гости во текот на вежбата, свое учество зедоа припадници од Армијата на Република Северна Македонија, поточно старешини-пилоти од Здружената оперативна команда и од Воздухопловната бригада.

Како исклучителен настан беше настапот на акробатскиот демонстрациски тим на турските воздухопловни сили „Турски ѕвезди“ во состав на турското Воено воздухопловство (Turkish Air Force „Turkish Stars“). Тие настапија пред високите гости над Третата команда на главната авионска база во рамките на вежбата „Anatolian Phoenix 19“. Групата беше раководена од страна на единствениот женски лидер во улога на лидер на сквадрон, мајорот Esra Ozatay, која ја презеде оваа улога од 2016 година. „Турските ѕвезди“ се формирани на 7 ноември 1992 година, а прогласени за „Турски ѕвезди“ се на 11 јануари 1993 година. Тие летаат со осум авиони „NF-5A/B Freedom Fighter“, добиени од Кралските холандски воздухопловни сили, што ги прави единствен тим за акробации со форми на осум суперсонични авиони. Вкупно дванаесет борбени авиони „NF-5“ се достапни за тимот. Тимот користи авиони за поддршка, како на пример „CASA / IPTN CN-235“, „Lockheed C-130 Hercules“ и „Transall C-160“.





и на стотици километри оддалеченост, а сето тоа надвор од опсегот на повеќето „земја-воздух“ проектили. Во 1979 година, на состанокот на членките на НАТО AEW & C Program Management Agency (NAPMA) е донесена одлука да се формира истурена оперативна база во Турција како седиште на овој тип авиони. Авионите беа активно употребени, покрај за реализација на повеќе мултилатерални вежби во мирно време (Anatolian Eagle, NATO Air Meet, Allied Response, Tiger Meet, Magic Viking, Spring Guardian) така и за извршување на повеќе операции и обезбедување на самит (Gulf Crisis, Operation Crescent Guard, Operations Active Endeavour, International Security Assistance Force, како и поддршка на НАТО самитот одржан во Истанбул).

Турските вежби станаа одлична можност за воздушните сили од Европа и од Блискиот Исток да се обучуваат заедно

Драган Павловски



# Вооружените сили на Германија

Со вооружените одбранбени сили (ВС) на Федерална Република Германија, во случај на агресија на државата, командува канцеларот (претседателот на Сојузничката влада). Во мирно време, надлежен за командување со ВС е министерот за одбрана. Тој е член на владиниот кабинет, највисок воен раководител и врховен командант на ВС, и во таа улога одлучува за разместување на борбените единици, воведување на нови технологии и системи во армијата или за затворање на одредени гарнизони. За воени прашања, нему му асистира шефот на одбраната (инспектор на армијата), најстариот воен старешина.

Федерална Република Германија е членка на НАТО од 1955 г. и земја-домаќин на Headquarters Allied Air Command и на Headquarters Rapid Deployable German-Netherlands Corps, од составот на Сојузничката команда за операции (ACO), како и на НАТО-школото (во Oberammergau), од составот на Сојузничката команда за трансформација (ACT)

Тој е одговорен за изготвување на концептот за одбрана, планирање, развој, командување и контрола на армијата, како и за планирање, подготовка, спроведување и оценување на операциите на ВС. Нему му асистираат директорите за планирање, за политиката на сили и за стратегија и операции.

## Копнена војска

Под команда на Командата на КоВ се: единиците на КоВ; единиците на германските ВС во состав на Мултинационалниот корпус; единиците на германските ВС во состав на Германско-француската бригада; Командата за обука (надлежна за





повеќе школи и центри за обука – школо за офицери, школо за подофицери, центар за индивидуална обука, центар за борбена обука, центар за специјална обука, центри за обука на родовите, итн.); Канцеларијата за развој на КоВ (одговорна за развој на на концепти, обука, организација и материјално обезбедување на армијата); декларираните сили во НАТО и гермаскиот персонал во состав на штабот на Армијата на САД за Европа (USAREUR).

**1. оклопна дивизија** - Дивизијата учествува во мисијата „Resolute Support" во Авганистан и во поддршка на обуката во Северен Ирак и во Сомалија. Штабот на дивизијата, од 2019 г. е одговорен и за планирање на операции и обука на Здружените наменски сили на НАТО со висока борбена подготвеност (Very High Readiness Joint Task Force - VJTF Land). Во нејзин состав се: 3 оклопни бригади (со состав: 2 оклопни, тенковски, извидувачки, инженериски и логистички баталјон), 43. холандска механизирана бригада (интегрирана во дивизијата во период од 2016-2020г.); артилериски баталјон (со 3 артилериски, ракетна, извидувачка и логистичка батерија); баталјон за врски (дел од телекомуникациските капацитети од составот на Мултинационалниот корпус североисток (MNC NE) со команда во Полска); инженериски баталјон и единици за борбено сервисна поддршка.

**10. оклопна дивизија** со свои единици учествува во мисиите „Resolute Support" (Авганистан), KFOR (Косово), EUTM (Мали и Сомалија), „Training support North" (Ирак) и MINUSMA (Мали). Командата на дивизијата исто така ја презеде командата на Германско-француската бригада (од 2017 г.). Составена е од: 2 оклопни бригади (со состав: 2-3 оклопни, тенковски, планински, извидувачки, инженериски и логистички баталјон); планинска бригада (3 планински, извидувачки, инженериски и логистички баталјон); два артилериски баталјони; инженериски баталјон и Германско-француската бригада, со состав: пешадиски полк, 2 пешадиски, 2 артилериски, логистички и инженерски баталјон. Мисии на бригадата се:

- придонес кон пријателството и зачувување на остварената меѓусебна доверба, преку развој на заеднички принципи, процедури и регулативи,
- подобрување на военaта ефикасност преку хармонизација на процедурите, стандардизација и интероперабилност,
- создавање оперативен и ефикасен сојуз на можности и капацитети.

## Дивизија за брзо распоредување

Формацискиот состав на дивизијата се приспособува на конкретните задачи кои ги добива и е оспособена за воени евакуациски операции. Дивизијата планира, подготвува и извршува специјални операции (особено операции за евакуација), стабилизациски операции и интервенции, самостојно и во рамките на Алијансата. Обезбедува и капацитети за НАТО-силите за брзо распоредување (NRF) и во состав на борбени групи на Европската унија (EUBG). Во состав на дивизијата, од 2014 г. е и Холадската воздушно-десантна бригада, во чиј состав се околу 2.300 холандски и 9.500 германски војници, и претставува одличен пример на блиска воена соработка помеѓу две држави.

Дивизијата во својот состав има: 2 воздушно-десантни бригади, команда на специјалните сили, полк борбени хеликоптери, 2 полка транспортни хеликоптери и центар за поддршка.

1.воздушно-десантна бригада е составена од: 2 падобрански полка, 2






Сојузното министерство за одбрана, кое е и врховна команда на ВС и се состои од десет директорати, има две официјални седишта, едното во Бон и другото во Берлин. Тоа е задолжено за координација на политиката, опремувањето на армијата, планирањето, правните работи и персоналниот менаџмент во ВС. Министерството е надлежно за командите на копнената војска, на военото воздухопловство и на воената морнарица, како и за другите организациски единици на армијата

воздушно-десантни извидувачки чети и 2 воздушно-десантни инженериски чети. Нејзини мисии се: планирање, подготовка и извршување на специјализирани операции (воена евакуација), операции за стабилизација, интервенции и одбранбени операции (во национална и во сојузничка рамка), како и обезбедување сили за НАТО-силите за одговор (NRF) и европските борбени групи (EUBG).

11.воздушно-десантна бригада (германско-холандска) е Бригадата, составена од персонал од 4.500 војници е брзо распоредлива пешадиска единица со готовност за распоредување ширум светот од 7 до 20 дена. Составена е од 3 пешадиски баталјони, извидувачки полк, инженериска чета, медицинска чета, логистички единици и резервен баталјон. Наменета е за борбени операции, помош при несреќи и природни катастрофи и хуманитарна помош.

Команда на специјалните сили
Во состав на Командата се: командоси, единица за поддршка и логистичка чета. Задачи кои ги извршува се:

- спасувачки и ослободувачки операции на заробени и киднапирани граѓани или за одговор на терористички закани;
- идентификување цели - лица од безбедносен интерес во странство;
- прибирање клучни информации во кризни и конфликтни подрачја, за менаџирање со операции на стратешко и оперативно ниво;
- воена соработка и обука на безбедносните сили на партнерски земји;
- заштита на лица во специјални ситуации;
- борбени мисии - во длабочина на непријателскиот распоред, против цели од стратешко и оперативно значење, со уништување на објекти, системи за командување и сл.

## Еврокорпус

Корпусот, формиран во 1992 г. е составен од персонал од околу 60.000 лица. Тој е и составен дел од НАТО-силите за брза реакција. Командата е составена од претставници на 5 земји-членки на НАТО, а во составот на единиците учествуваат и уште 5 други. Тој е оперативен од 1995 г. и до сега има ангажмани во повеќе мисии: во Босна и Херцеговина, KFOR (Косово, 2000г.), ISAF (Авганистан, 2004/2005 и 2012г.), EUTM (Мали).
Еврокорпусот на два пати бил и дел (во stand-by фаза од 6 месеци) од НАТО силите за одговор (NRF), а следната ротација му е од 2020 г. кога командата на корпусот ќе ја преземе улогата на НАТО-команда на копнената компонента (NATO LCC).

## I германско-холандски корпус

Корпусот бил формиран во 1995 г. и во него учество со единици земаат и 11 други НАТО-членки. Наменет е за операции предводени од ЕУ и НАТО, со готовност од неколку дена. И тој учествувал во ротации во состав на NRF. Командата е поддржана од баталјон за врски и баталјон за поддршка. Останатите единици од составот на корпусот влегуваат во негов состав по процес наречен „генерирање сили за посебни оперативни побарувања". Неговиот органски состав го сочинува персонал од 1.100, а декларираните единици може да достигнат бројка на персонал и до 80.000, зависно од мисијата.

## Мултинационален корпус „Североисток"

Командата на корпусот (HQ MNC NE) е формирана во 1999 г. и е дел од воената



структура на НАТО, единствена команда со постојана област на одговорност. Штабот се состои од персонал од 400 од 3 водечки нации, Германија, Данска и Полска, и дополнително уште 22 НАТО земји-членки. Командата е сертифицирана како команда за брзо распоредување, и оспособена е да ја преземе улогата на NATO LCC, за водење операции со 5 дивизии и 20 единици за поддршка. Корпусот е целосно оперативен од 2015 г. и може да предводи мировни операции и да помага при несреќи и природни катастрофи.

## Вооружување и опрема

Копнената војска во својот состав поседува:
- пешадиско оружје: пиштоли P8 и P30; пушкомитралези G22, 27, 28, 29, 36 и 82; митралези MG3, 4 и 5; фрлачи на гранати 40мм; противтенковски систем Milan и Panzerfaust3/Bunkerfist; извидувачки системи Aladin, Kzo, Luna и Mikado;
- тенкови Leopard 2;
- оклопни транспортери: Boxer, BV 206 S Hägglunds и M113;
- оклопни борбени возила: Dingo, DURO 3 и Puma;
- извидувачки борбени возила: Serval и Fennek;
- хеликоптери: борбени „Tiger“, повеќенаменски NH-90, за обука EC 135;
- артилерија: Panzerhaubitze 2000, минофрлачи 120мм, ракетен фрлач Mars II;
- артилериски радари: Abra и Cobra.

## Воено воздухопловство

Структурата на воздухопловните сили ја сочинуваат:
- воздухопловни борбени тимови – 6 тактички воздухопловни скваdrони опремени со модерни воздухоплови Eurofighter и MRCA PA -200 Tornado;
- воздухопловно-транспортна флота – составена од 3 воздухопловно-транспортни скваdrони и хеликоптерски скваdrон, опремени со транспортни авиони Airbus: A310, A319 CJ, A321, A340-300 и A400M, Global 5000, Transall C-160D и транспортни хеликоптери: Sikorsky CH-53 и Cougar AS532;
- центри за обука – баталјони за обука (со школски авиони Northrop T-38C Talon и T-6 Texan II), технички центар за обука, техничко школо и центар за обука на офицери и подофицери, за потребите на воздухопловството);
- Центар за воздухопловни операции;
- логистички единици – два центри за поддршка;
- противвоздушен (ПВО) ракетен скваdrон – со 4 ракетни единици (опремени со ПВО системи Mantis, Patriot и Stinger) и центар за обука;
- Центар за воздушно набљудување и јавување;
- Полк за обезбедување;
- Центар за воздухопловна медицина.




## Воена морнарица

Воената морнарица придонесува кон поморската безбедност во мултинационалната и цивилно-воената соработка, како и кон обезбедување хуманитарна и друга помош насекаде во светот. Може да биде стационирана на море, во кризен регион, со цел спречување или справување со кризи. Таа ги обезбедува и сопствените и сојузничките копнени и воздухопловни сили за време на разместување и преместување во зони на операции.
Во состав на воената морнарица се:
- две поморски флотили (составени од корвети, фрегати, минопребарувачи, подморници, морнарички специјални единици, единици за поддршка и поморски бази),
- поморска авијација (составена од два скваdrони авијација и опремени со: авиони - Lockheed P-3 Orion и Dornier 228 LM, за извидување и откривање подморници, и повеќенаменски хеликоптери - Sea King MK 41 и Sea Lynx MK 88 A),
- единици за поддршка,
- Поморски школски центар,
- Поморски медицински институт.

## Одбранбени прашања

Буџет за одбраната не е на ниво на договорениот 2% од бруто-домашниот производ (БДП), но истиот е стабилен. Бележи раст од 34,5 милијарди евра во 2013 г. (1,18% од БДП) до 42 милијарди евра во 2018 година (1,24% од БДП). Делот од воениот буџет за опремување е 14,%, а за персонал изнесува 47%.
Бројот на персонал, по тенденцијата на опаѓање до 2015 г. (205.000 во 2011г.), бележи постојан раст, и тој денес изнесува 53.000 активен, 120.000 резервен персонал и околу 8.400 доброволци. Во копнената војска се повеќе од 62.000, во воeното воздухопловство околу 28.000, во воената морнарица 16.300 и во медицинската служба околу 20.000 војници. Во армијата се и 22.000 војници-жени, што претставува 13% од вкупниот број на персонал.

М.С.



# Стратегија на масовна одмазда

Стратегијата на масовна одмазда на НАТО се јави како одговор на напредокот направен од страна на СССР во развојот на воените системи и оружје, а особено во развојот на нуклеарното оружје и средствата за негова испорака на далечина. Концептот се базираше на поширокиот пристап кон безбедноста со вклучување на повеќе елементи како: географската локација, економските, материјалните, научните и техничките ресурси, индустриските капацитети, човечките ресурси и воените способности на Алијансата. Целта беше да се превенира војната со одржување на соодветни нуклеарни и конвенционални воени сили.

Секоја земја-членка беше обврзана да развива свои сопствени воени капацитети и способности во согласност со проекциите дадени во Концептот. Основните принципи врз кои се засноваше одбраната на Алијансата останаа непроменети во однос на претходните

Третиот концепт на Алијансата е познат под името „Стратегија за масовна одмазда“ (M.C. 14/2 Strategy for Massive Retaliation) и беше во функција во периодот од 1957 година до 1967 година.







два концепти. Притоа, Стратегискиот концепт предвидуваше спроведување на низа мерки, вклучително и одредбите за силите, процедурите и капацитетите неопходни за да се одврати војната и да се обезбеди одбрана на интегритетот на НАТО во случај на судир. Предвидувањата беа дека „раководството на СССР е свесно и се плаши од последиците кои би настанале од евентуална нуклеарна војна. Тие нема да започнат нуклеарна војна сѐ додека знаат дека Западот е подготвен да им возврати на нападот со нуклеарно оружје и да го уништи СССР.“ Меѓутоа, процената на НАТО беше дека заканата од нуклеарна војна е висока поради различните приоди во одредени структури во СССР кон оваа можност, поради неконструктивноста на Западот или, пак, локалните ограничени воени операции да прераснат во нуклеарна војна. Поради тоа, НАТО, приоритет му придаваше на спречувањето на глобалната војна, а во случај на војна против НАТО, важно е да се осигура способноста за постигнување на целите на Алијансата, односно победа во војната. Одвраќањето на војната поаѓаше од премисата дека напредното нуклеарно вооружување и средствата за негова испорака на далечина е достапно и за двете страни. Појавата на термонуклеарното оружје и неговата деструктивна моќ, како и специфичностите и потешкотиите во организирањето на одбрана од нив беа нови предизвици со кои се соочуваа и двете страни. Тоа иницираше и употреба на политички, економски, социјални и психолошки мерки, а не само класични воени мерки како во минатото. Во евентуална глобална војна, најголемите уништувања би се случиле во првите неколку дена кога двете страни би ги лансирале нивните проектили. Тоа би ја отежнало мобилизацијата на човечките и другите ресурси за организирање на одбрана на територијата. Во контекст на одвраќањето, СССР прв распореди свое нуклеарно оружје и во земјите од Варшавскиот пакт. Одговорот на НАТО резултира со распоредување на ракети со среден дострел со нуклеарно полнење од страна на САД во земјите од Западна Европа.

Ваквиот развој на настаните во безбедносното опкружување предизвика НАТО во овој концепт да ги редуцира фазите на водење глобална војна од четири на две. Односно, во првата фаза опфаќа период на интензивни заемни офанзивни дејства со максимално траење од триесет дена. Најнеинтензивна нуклеарна размена би имало во првите неколку денови. Втората фаза би била со подолго времетраење кое би вклучувало период на реорганизација, задоволување на потребите и извршување на неопходните воени задачи кои ќе доведат до победа во војната. За прв пат, покрај заканата од голема војна, НАТО дефинира и алтернативни закани по безбедноста на Алијансата. Имено, според процените на НАТО, СССР е свесен дека НАТО забрзано ги развиваше своите нуклеарни способности и евентуалната војна би довела до заемно уништување. Поради тоа, НАТО сметаше дека раководството на СССР ќе се обиде да иницира операции со помали цели кои вклучуваат инфилтрација, упад на територијата на Алијансата, прикриено или јавно поддржана од нив, под претпоставка дека сојузниците во нивните колективни напори да ја превенираат војната ќе ги лимитираат нивните реакции или нема да реагираат воопшто.

Имајќи ги предвид заканите од глобална војна и од алтернативните закани, подготовката на НАТО за справување со заканите се движеше во следнава насока: прво, да се осигура способноста за преземање на противнапад со сите расположиви конвенционални и нуклеарни капацитети и способности, но и развивање способности за обезбедување на преживување на непријателскиот напад; второ, мора да се развие способноста за употреба на копнените, поморските и воздухопловните сили за одбрана на територијата и поморските области на НАТО; трето, да се подготви за периодот на реорганизација, рехабилитација и за искористување на преостанатите ресурси за постигнување на целта.

За да се постигнат овие концептуални претпоставки, НАТО мораше да постигне соодветна флексибилност на силите. Од суштинските концептуални решенија, може да се забележи дека земјите-членки на Алијансата не располагаа со доволно моќни конвенционални сили за да му се спротивстават на евентуалниот напад од страна на СССР заедно со земјите од Варшавскиот договор. Поради тоа тие се потпираа на моќта на стратегиското нуклеарно оружје на САД, затоа што само САД имаа постигнато нуклеарен паритет со СССР. Односно, на секој конвенционален напад од страна на СССР против некоја земја-членка, Алијансата планираше да одговори директно со масовен нуклеарен напад.

д-р Игор Ѓорески




# Конференција на тема „РОД, МИР И БЕЗБЕДНОСТ“

Во периодот од 14 до 15 мај 2019 година, во организација на центарот „Џорџ К. Маршал“, во соработка со Центарот за обука за операции за поддршка на мирот во Сараево, Босна и Херцеговина, се одржа конференција на тема „Род, мир и безбедност”, на која учествуваа претставници од Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Хрватска, Црна Гора, Република Северна Македонија, Република Србија и Република Словенија.

Во рамки на четирите панели, учесниците елаборираа повеќе теми, и тоа застапеноста на жените на лидерски позиции во безбедносниот сектор, најдобрите практики и научени лекции поврзани со родовите политики; подигнување на свеста за родовата еднаквост во безбедносниот сектор; пристапот во националната безбедносна средина, како и унапредувањето на соработката помеѓу земјите-учеснички на конференцијата.

Координаторката на Работната група за имплементирање на родовата перспектива во Министерството за одбрана и Армијата и шефица на Кабинетот на министерката за одбрана на Република Северна Македонија, Катерина Ставреска, учествуваше во рамките на втората панел-дискусија со наслов „Интегрирање на родовата перспектива во МО и Армијата во практика”. Во рамки на своето излагање, Ставреска, нагласувајќи го значењето на политичкиот контекст како значаен предуслов за функционирање на отворено општество со почитување на различноста и различните човекови права и рамноправна застапеност по сите основи, вклучително и родовата, се осврна на реформските процеси на Владата на Реоублика Северна Македонија, коишто го променија статусот на државата од „заробена држава” во „поканета држава“ (invited) за членство во НАТО. Таа нагласи дека од самиот почеток новата реформска Влада се залага за еднаквост во општеството, преку обезбедување на еднакви права за сите граѓани, без разлика на пол, раса, боја на кожата, етничка, верска, партиска или каква било припадност, што е загарантирано и со Уставот на државата. Таа дополни дека прашањата врзани со родовата застапеност и рамноправност се вбројуваат меѓу приоритетните прашања во Програмата за работа на Владата (2017-2020) и како такви целосно кореспондираат со Агендата



за одржлив развој 2030 (2030 Sustainable Development Agenda) и со SDG 5. Потенцира дека Република Северна Македонија, како идна 30-та земја-членка на НАТО и во согласност со меѓународното право, е обврзана и активно работи на имплементација на програмата „Жени, мир и безбедност“ („Women, Peace and Security“), преку нејзина интеграција во рамки на цивилните и воените структури. Укажа дека благодарение на поддршката од министерката за одбрана, началникот на ГШ и целокупното раководство, родовата перспектива е интегрирана во сите политики и стратешки документи



во Министерството и Армијата, со што постепено драстично се менува целокупната перцепција за родовата еднаквост во вооружените сили.
Како заклучок укажа на тоа дека и покрај бројните успешно заокружени активности, претстои уште многу работа и сериозни предизвици на овој план. Најголем предизвик е сеопфатна имплементација на сите политики и процеси и одржливост на родовата структура. „Родовата еднаквост не е прашање, туку перспектива, не е женска работа туку прашање на максимизирање на талентот, професионалноста, ефикасноста и успехот, со крајна цел – еднакво учество на жените и мажите во сите прашања поврзани со мирот и безбедноста. Така ќе бидеме дел од реалност во која главен наслов во натписите нема да биде дека е назначена првата жена-командант, туку дека е назначена новата командантка“, заврши координаторката на Работната група за имплементирање на родовата перспектива во Министерството за одбрана и Армијата.
Конференцијата овозможи размена на информации, научени лекции и добри практики на полето на интегрирањето на родовата еднаквост и перспектива. Истата овозможи унапредување на регионалната соработка, како и надминување на предизвиците во безбедносниот сектор.

Миневере Лесковица

# Регионална работилница за борба против родово базирана дискриминација, сексуално насилство и вознемирување

Од 18 до 19 мај 2019 година, во Јахорина, Босна и Херцеговина, се одржа Регионална работилница за борба против родово базирана дискриминација, сексуално насилство и вознемирување.
Работилницата беше организирана од страна на UNDP/SEESAC (South East Europe Small Arms Control) и претставува дел од втората фаза на проектот за зајакнување на регионалната соработка за вклучување на родовите аспекти во главните политики во реформите во безбедносниот сектор на Западен Балкан. Проектот е поддржан од страна на SEESAC, Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка, Министерството за надворешни работи на Република Словенија, Советот за регионална соработка и UNDP.
На работилницата учествуваа претставници од Министерствата за одбрана и армиите на земјите-учеснички во проектот, и тоа Босна и Херцеговина, Република Северна Македонија, Република Србија и Црна Гора.
Од Министерството за одбрана на Република Северна Македонија учествуваа членови на Работната група за имплементирање на родовата перспектива во Министерството за одбрана, предводени од координаторката на работната група и шефицата на Кабинетот на министерката за одбрана, Катерина Ставреска, кои активно се вклучија во дискусиите, споделувајќи го сопственото искуство и предизвици при изработката на Упатството за заштита од вознемирување на работно место во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија, што е во финална фаза на изработка.
Главната цел на работилницата беше да се зголемат институционалните капацитети на Министерствата за одбрана и на армиите за превенција и борба против родовата дискриминација, сексуалното насилство и вознемирување. Беше нагласена и важноста од навремено пријавување на родово базирана дискриминација, како и развивање на механизми за соодветно реагирање по истото.



Дводневната работилница заврши со заклучоци за зголемување на довербата во системот, размена на информации, научени лекции и добри практики за заштита од родово базирана дискриминација, сексуално вознемирување и насилство, како и унапредување на регионалната соработка на земјите од Западен Балкан. Воедно, учесниците се заложија за изработка на Регионален прирачник за заштита од родово базирана дискриминација, сексуално вознемирување и насилство, како еден од резултатите на втората фаза од проектот.

М.Л.





# „КОНТИНУИРАНО УНАПРЕДУВАЊЕ“

Настанот претставува континуитет на серијата работилници за планирање на сценарио Фаза I-IV, кои се реализираа во текот на 2015/2016 година, на работилниците за планирање вежби на национално ниво кои се реализираа во 2017 година, како и на штабната вежба „Сеопфатен одговор – Водно 2018“.
На работилницата учествуваа претставници од повеќе институции. Од САД учествуваа експерти од Инженерискиот корпус на Армијата на САД (US Army Corps of Engineers), од Националната гарда и од Центарот за итни операции на државата Вермонт и од Канцеларијата за соработка во одбраната при Амбасадата на САД во Скопје. Од Република Северна Македонија учествуваа претставници од Министерството за одбрана и од Армијата, од Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување и од Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за надворешни работи, за финансии, за правда, за земјоделство, шумарство и водостопанство, за локална самоуправа, за труд и социјална политика, за економија, за транспорт и врски, за образование и наука, за животна средина и просторно планирање, од Царинската управа, Управата за хидрометеоролошки работи, Дирекцијата за радијациона сигурност, Градот Скопје, Сеизмолошката опсерваторија, Институтот за земјотресно инженерство





Во периодот од 20-23.05.2019 година во просториите на Домот на АРМ се одржа работилницата „Континуирано унапредување“, која е прва од серијата на работилници од областа на управувањето со кризи, предвидени за 2019 година со програмата за цивилно-воена соработка (ЦМЕП) помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Агенцијата за одбранбено-безбедносна соработка на САД, односно со Инженерискиот корпус на Армијата на Соединетите Американски Држави (US Army Corps of Engineers)

и инженериска сеизмологија, ЈЗУ Здравствен дом Скопје – Службата за итна медицинска помош, Црвениот крст и од Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“, Скопје. Тргнувајќи од фактот дека природните непогоди, техничко-технолошките и/или од човек предизвикани несреќи и катастрофи главно резултираат со големи штети на критичната инфраструктура, односно го загрозуваат нормалното функционирање на општеството и предизвикуваат штети на комуникациите, транспортот, големи деструкции, загуба на животи, повредени и лица без домови, Северна Македонија како современо општество, за успешно справување со итни ситуации, кои често се случуваат или се антиципира дека постои голема веројатност во иднина да се случат, потребно е постојано да ги унапредува националните цивилно-воени капацитети, но и преку разни форми на тренинзи и вежби да врши редовни и сеопфатни подготовки за организиран и одлучен одговор на ваквите предизвици. Во тој правец беше и целта на оваа работилница, каде сите заедно, претставниците од националните институции одговорни за подготовки и управување со кризи, користејќи ги искуствата на експертите од САД, со крајно сериозно и синхронизирано ангажирање, врз основа на извршена анализа и евалуација на минатогодишната ТТХ вежба „Сеопфатен одговор – Водно 2018“, преку идентификација на добрите страни и на областите кои треба да се подобрат, во континуитет да ги унапредуваме националните цивилно-воени капацитети/способности и интеринституционалната координација и соработка при справувањето со природни или од човек предизвикани катастрофи, односно да се надминат одредени слабости и празнини и да се градат и да се одржуваат основни способности за успешно справување во случај на итни и кризни состојби. Тоа вклучува подобрување на правната регулатива и стандардните оперативни процедури, подобрување на плановите за вежбовни активности предвидени за едукација и тренинг на човечките капацитети, но и модернизирање на опремата.

За време на работилницата, која се одвиваше преку пленарни заседанија и претежно со работа во две синдикални групи, како производ од активностите произлегоа следните препораки до повисоките раководители од клучните национални институции кои учествуваа на завршниот дел на работилницата:

Од работната група која работеше на планот за подобрување на капацитетите, произлегоа следните предлози: потреба од воспоставување на заеднички дигитален систем на податоци за логистичка поддршка, користејќи ги постоечките алатки во ЦУК (MAKFIS, NICS); обезбедување на логистика за време на активностите на терен; користење на унифицирани документи; евидентирање на информации во ГШ за управување со кризи; воспоставување на интегриран дигитален систем за информации, комуникација и координација; медиа-центар и дополнување на СОП, со цел навремено и точно информирање на јавноста со соодветни препораки и насоки, апели и сл.; воспоставување процедури и тренинг за правилно користење на СОП за користење на медиа-центарот и социјалните медиуми; проверка и евалуација на системот за рано предупредување; обнова на афектирано подрачје, секоја институција со сопствени ресурси и надлежности и нивна координација.

Од работната група која работеше на унапредување на националните планови и програми за обуки и вежбовни активности, произлегоа следните предлози: донесување на подзаконски прописи за организирање и спроведување на вежби на национално ниво; донесување на национална програма за вежби со акционен план и буџет; воспоставување на формален процес на обука за вежби на персоналот вклучен во системот за управување со кризи; воспоставување континуиран процес на обука на менаџментот во процесот на реализација на Националната програма за вежби; Подобрување на меѓуинституционалната комуникација и координација; имплементација на национална програма за обуки и вежби; изработка на прирачници за планирање, организирање, спроведување и евалуација на вежби на субјектите од системот за управување со кризи.

На следната работилница „Континуирано унапредување 2“, која е предвидена да се реализира на крајот од август 2019 година, ќе се преземат следните чекори: ќе се направи преглед на планот за континуирано унапредување на капацитетите; ќе се изврши преглед и комплетирање на нацрт-водичот за вежби и евалуација и ќе се побара одобрување на водичот за вежби и евалуација.

д-р Тони Петрески
м-р Здравко Јаковлевски



# Важноста на дисциплината

Дисциплината во војската е критичен елемент за да се обезбеди непречено извршување на воените операции. За една воена единица да биде успешна, секој поединец треба правилно и на време да ја работи својата работа

Луѓе кои сакаат дисциплина вреднуваат одговорност, правила, ред, јасна структура, интегритет и напорна работа. Војската привлекува дисциплинирани луѓе бидејќи тие бараат да работат во средина која нуди такви вредности. Дисциплината во војската е критичен елемент за да се обезбеди непречено извршување на воените операции. За една воена единица да биде успешна, секој поединец треба правилно и на време да ја работи својата работа. Не случајно дисциплината се развила како посебна карактеристика на војската, таа е најстарата комплексна организација во општеството. Војската била најорганизиран елемент во државите сè до индустриската револуција и развојот на капитализмот, а и денес важи за најдисциплинирана организација.

Сите останати државни и приватни организации кои бројат десетици илјади вработени за да имаат успех во работата, идентификувале потреба од правила, норми и процедури кои мора да се следат. Некои ја имаат развиено дисциплината на ниво на војничката, бидејќи сфатиле дека недисциплината може да ги чини помал профит, а некогаш и животи, во зависност од дејноста.

Преку воената дисциплина се доведува умот на војникот во состојба да изврши наредба без оглед на опасноста, што не е својствено за цивилите. Постои општ стереотип за профилот на војникот дека тоа што е дисциплиниран, значи дека е ограничен, неинформиран, нечувствителен и конзервативен. Познатиот англискиот писател Херберт Џорџ Велс рекол дека „умот на војниците е неопходно инфериорен и некреативен, бидејќи ниту еден човек со висок интелектуален квалитет не би ги ограничил доброволно своите дарби на сметка на војничкиот позив“. Семјуел Хантингтон во книгата „Војникот и државата“ вели дека војничкиот ум е „дисциплиниран, крут, логичен и научен, наспроти флексибилен, толерантен, интуитивен и емотивен“. Друг познат стереотип



Воената дисциплина е врвна обученост и знаење што овозможува војниците подобро да слушаат, да извршуваат и да се контролираат во тешки ситуации. Градење на војска или која гбило олема комплексна организација бара многу напор и знаење



е дека војничкиот ум е трениран да не размислува, туку да извршува, т.е. војникот извршува наредба слепо, без да ја цени моралноста. Иако постојат безброј историски примери дека наредбата мора да се изврши без оглед на сè, сепак во современото војување моралноста е далеку повисока од порано, бидејќи покрај колективна има и индивидуална одговорност.
Цивилите често ја перципираат послушноста и лојалноста на војникот како глупавост и морална слабост. Меѓутоа, ако државата е комплексен систем составен од повеќе потсистеми, војската е посебно важен потсистем неопходен за нејзин опстанок (Сун Цу). Воената дисциплина можеби е морална слабост за поединецот, но на системот му дава морална цврстина, бидејќи само дисциплинираниот систем е силен систем. Затоа и се очекува од индивидуата да се жртвува, системот во целост секогаш ќе биде поважен од поединецот. Војската преку дисциплина ги обликува луѓето кои ќе стапат во нејзините редовите да одговараат на посакуваниот профил, но и ги привлекува како магнет оние кои се предодредени да бидат војници. Во светот останаа уште само триесеттина држави во кои граѓаните се обврзани да служат во војска. Современиот војник свесно прифаќа да биде дел од организација која од него бара да биде дисциплиниран на начин на кој многу во општеството не само што не би прифатиле, туку и не може да ја сфатат нејзината рационалност.
Зборот „дисциплина“ потекнува од латинскиот збор disciplinam, што изворно значи „настава“, „учење“, „инструкција“, „школување“ или „знаење“. Дисциплината значело да се обучува или да се учи некој во одредена област и оригинално се однесувало на едукацијата. За прв пат дисциплината е поврзана со казнување дури во тринаесеттиот век и тоа во религијата, т.е. казнување при обуката на свештените лица со цел да научат („discipulus“ значи „студент“, а „discipu-lum“ значи „следбеник“). Од тоа време наваму е изгубено изворното значење на зборот „дисциплина“ и тој денес најчесто се поврзува со казнување. Во војска се изрекуваат „дисциплински“ мерки за да се „дисциплинира“ некој, значи преку казна да се натера да се придржува на правилата и прописите. Ова не е вистинското значење на зборот. Дисциплината е обученост и знаење, а недисциплиниран војник е оној кој сè уште не научил, т.е. не сфатил. Но денес дисциплината се сфаќа само како послушност во извршување на наредбите, што е погрешно бидејќи војникот може да е послушен, а необучен. Со казнување на грешките се очекува војникот да се обучи според логиката дека „на некој му влегува низ главата, а на некој низ нозете“. Меѓутоа, дискутабилно е дали ова е повеќе штетно или корисно за организациската култура на современата војска, бидејќи војникот од 21 век не само што доброволно стапува во служба, туку е многу попаметен од војник во минатото.
Од промената на начинот на војување поради новите оружја и феноменот на „празно боиште“, војникот стана поважен како индивидуа. Иако дисциплината сè уште денес има огромна важност, очигледно е поважно војникот да поседува повеќе индивидуалната иницијатива и вештини отколку „слепа“ послушност.
Во теренски или воени услови денес, современиот војник за разлика од војникот во минатото функционира без формална дисциплина бидејќи сфаќа дека од тоа може да му зависи животот. Во доба на нелинеарно војување и „празно боиште“, војникот мора сам да мисли за разлика од војникот порано кој секогаш имал некој друг лево и десно од него. Искуството покажува дека колку повеќе војниците работат на терен и се впуштаат во реални услови, толку подобро сфаќаат зошто е потребна дисциплината.
Сепак, речиси во сите современи воени доктрини прифатено е дека дисциплината и обученоста се две различни работи. Ниту една војска во светот не може да функционира без дисциплина и таа е клучна за спроведување на успешни операции, војска без дисциплина не е вистинска војска. Луѓето по природа се сите различни, а слободната волја го прави



секој човек уникатен. Дисциплината е тоа што ги прави луѓето во група да делуваат како еден, затоа дисциплината не е својствена и потребна само за војската, туку за која било организација насочена кон остварување на единствена цел. Обично дисциплина кај војниците се гради преку обука, но практиката во современите војски покажува дека на подобро обучените војници им треба помалку формална дисциплина за да функционираат успешно. Исто така, ако просечната едукација на војниците е повисока, дисциплината произлегува од самите војници. Самодисциплината е својствена за интелигентните луѓе и затоа нема

Воената дисциплина треба да биде така насочена да го поттикнува војникот да дејствува со минимален надзор. Особено старешинскиот кор во современата војска треба да има развиено креативност и критичко размислување. Ова не смее да се ограничува и потиснува на сметка на формалната дисциплина својствена за минатите векови



толку голема потреба од формална дисциплина. Во минатото, кога војниците биле буквално неписмени, била неопходна брутална дисциплина за да се држи во ред формацијата на единиците и да се слушаат наредбите. Сè до дваесеттиот век и примената на современите оружја, сите движења на војникот и единицата биле механички извежбани до совршенство. Во времето на линеарно војување, за да бидат сигурни дека војниците ќе одат во борба без двоумење, подофицерите наметнале филозофија дека војниците повеќе треба да се плашат од нив отколку од непријателот.
Но денес повеќето војски се професионални, нудат животна кариера и добар финансиски приход. За разлика од минатото кога војникот стравувал дека поради недисциплина ќе биде стрелан од претпоставените (практика во западните војски дури до Првата светска војна), денес дисциплината доаѓа од стравот дека војникот може да ја изгуби работата. Затоа во практиката колку повеќе војниците се професионални и мотивирани, толку помалку им е потребна класична воена дисциплина. Затоа цел на лидерството денес не е да се извлече максимум преку дисциплина, туку преку мотивација за работа.
Дисциплината е важна, но постои поделено размислување околу нејзината форма. Концептот за



дисциплина во различни војски значи различно, дури и во различни култури на различни држави. Некои сметаат дека формалната војничка дисциплина не е толку важна колку нејзиното буквално значење - да сфати војникот зошто одредени процедури мора да се направата како што се прават. Одржувањето на вооружувањето, опремата, физичката подготвеност, почитување на претпоставените, потчинетите и еднаквите, сето тоа војникот мора вистински да сфати зошто е потребно за успех на операциите. Дисциплиниран војник ги следи правилата и ги извршува наредбите, неопходно за да се води борба, се грижи за себе, опремата и единицата. Доколку некој е недисциплиниран, значи не ја работи својата работа како што треба, бидејќи не сфатил дека е дел на поголема организација.
Во мир или војна, се случуваат ситуации во кои се губат животи. Некогаш едноставно се работи за

За современиот војник и војникот на иднината, како посебно важна особина ќе биде самодисциплината - бидејќи од него ќе се очекува да размислува јасно и да постапува разумно без постојан надзор од претпоставените

„среќа“. Но, во најголемиот број на случаи, губењето на животи во современата војна се должи или поради лоши одлуки, или поради необученост, или поради некаква форма на недисциплина. На дисциплината треба да се гледа како на варијабла која влијае значително на факторот „среќа“. Дисциплината во војската е потребна повеќе од која било друга организација бидејќи брзината во војна често е од животно значење. Ретко која друга комплексна организација буквално за секоја постапка има временска норма.



Воената дисциплината е поврзана со низа постапки од кои зависи брзината. Затоа се врши автоматизација на постапките, се повторуваат процедурите до совршенство. За секоја војничка постапка постојат пропишани норми, а колку побрзо и повешто се совлада, толку подобро за војникот и единицата.
Постои мислење дека ум што се тренира да слуша и извршува, тешко може да се научи да биде креативен. Но тоа повеќе не важи за денешниот војник бидејќи боиштето е многу подинамично од порано. Од современиот војник се бара и да мисли, не само да извршува. Војниците работат со средства и опрема за кои е потребно знаење. Од тие причини дисциплината треба повеќе да биде сфатена и практикувана според нејзиното изворно значење. Професионалниот војник не смее да се обучува само да извршува, туку и да мисли. Воената дисциплина треба да биде така насочена, да го поттикнува војникот да дејствува со минимален надзор. Особено старешинскиот кор во современата војска треба да има развиено креативност и критичко размислување. Ова не смее да се ограничува и потиснува на сметка на формалната дисциплина својствена за минатите векови.
Воената дисциплина е врвна обученост и знаење, што овозможува војниците подобро да слушаат, да извршуваат и да се контролираат во тешки ситуации. Градење на војска или било која голема комплексна организација бара многу напор и знаење. Лидерите секојдневно го пренесуваат институционалното знаење на младите преку правила, процедури и рутини кои не секогаш мора да се пропишани. Дисциплината е тоа што го намалува времето за учење. Самата практика на учење и пренесување на знаење подразбира дисциплина во организацијата. Само дисциплинираните луѓе може да постигнат највисоки резултати, во било која работа. За секоја дејност е потребна дисциплина, особено за војничката. Дисциплинираните луѓе имаат предиспозиција подобро да се контролираат и побрзо стекнуваат навика за работа, затоа и се добри војници. Но, за современиот војник и војникот на иднината, како посебно важна особина ќе биде самодисциплината, бидејќи од него ќе се очекува да размислува јасно и да постапува разумно, без постојан надзор од претпоставените.

Ѓорѓи Вељовски



# Органи за цивилно-воена соработка

Поддршката на цивилната средина обично не се спроведува само од страна на цивилните институции туку бара ангажман и на разни воени ресурси: информирање, персонал, материјал, опрема, опслужување на комуникациите, специјална експертиза и обука. Овие ЦВС ресурси ќе бидат ангажирани само кога има потреба и кога овие ЦВС активности се во поддршка на исполнувањето на мисијата на командантот и кога соодветните цивилни институции и организации не се во можност да ги исполнат нивните задачи заради недостаток на ресурси или недостаток на доволна безбедност. Како и секоја специјалност во армијата, така и

> Поддршката на цивилното опкружување, односно цивилната средина во зоната на операции е поврзана со релациите на ЦВС персоналот, односно органи со цивилните учесници за време на воената операција и е составена од поголем број на ЦВС активности

персоналот кој работи во областа на цивилно-воената соработка треба да исполнува одредени критериуми за работа во оваа област.
Еве некои од карактеристиките со кои треба да се одликува ЦВС персоналот: комуникативност, приспособливост на нови средини и разни ситуации, способност за планирање и брза процена, способност за соработка со цивилните актери во зоната на операции, менаџирање со проекти, програми и финансиски средства, вештина за брзо составување на кратко и сеопфатно известување, познавање на светски јазици, особено англискиот, умешност за соработка со медиумите итн.
ЦВС персоналот треба да биде обучен и секогаш подготвен за самоодбрана при изведувањето на ЦВС активности, каде било и кога било, секогаш во извршувањето на своите задачи да го очекува неочекуваното, односно и најлошото сценарио и да биде обучен



за повикување на MEDEVAC, CASEVAC, IED; одржување на воената оспособеност; проучување на ЗОп, културата на државите; секогаш да биде во врска со локалната заедница.

## Органи на ЦВС

Структурата на ЦВС компонентата (орган) во повеќето случаи ќе зависи од побарувањата на секоја одделна мисија. Големината и структурата на персоналот за ЦВС интегриран во штабот на мисијата ќе биде различен, зависно од барањата во одредена ситуација. Така, главното побарувања за ЦВС ќе биде одржување на подготвеноста на персоналот на едно постојано ниво со цел изведување на ЦВС активности во зоната на операцијата во различни средини. Величината на ЦВС органите може да варира, што зависи од задачите на ЦВС персоналот во зоната на операции, а тоа во голема мера зависи од видот на операцијата на воената единица. ЦВС органите може да бидат штабни елементи или други ЦВС елементи воспоставени од националната или мултинационалната команда, во кои може да биде вклучен дури и друг воен персонал од воените единици без потребната ЦВС обука и едукација.

Стандардните структури извлечени од бројноста и можностите на ЦВС персоналот на националната армија или воената единица во зоната на операции составена од повеќе национални контингенти се: офицер за ЦВС или (CIMIC Liaison Officer); штабни елементи за ЦВС (секција за ЦВС); ЦВС група; извидувачки тим за ЦВС; центар за ЦВС; единици за ЦВС поддршка и персонал со функционални специјалисти.

Во оваа прилика ќе се осврнам само на неколку од нив.

**Офицерот за ЦВ (CIMIC Liaison Officer)** е одговорен за воспоставување на врски со сите цивилни актери во ЗО, за обезбедување на координација на активностите на истите, како во фазата на планирање така и за време на изведувањето на операциите. Воспоставените цивилно-воени врски во зоната на операции уште во фазата на планирањето на операците или раното воспоставување на цивилно-воените врски во зоната на операцијата е од фундаментално значење за понатамошниот развој на плодната соработка во текот на операцијата. Соодветно организираното јавно информирање исто така е неопходно за помагање на соработката и координацијата со цивилните актери. Сето тоа може да се постигне со константна комуникација на офицерот за ЦВС со релевантите актери во ЗО, што ќе резултира со поддршка на локалното население и на цивилните организации кои делуваат во зоната на операцијата. Должности на офицерот за ЦВС во зоната на операции се:






1) Да ја познава мисијата на воената единица и мисијата и мандатот на цивилните актери во ЗО. Да биде подготвен да работи заедно со коалиционите партнери во идентификацијата на заедничките цели со цивилните актери, главно владините и организациите на Обединетите нации.
2) Да одржува блиски контакти и да гради добри врски со релевантните

цивилни актери кои треба да бидат базирани на доверба, почитување и разбирање.

3) Да ги идентификува клучните неспособности на цивилната средина кои ќе имаат негативно влијание на мисијата на воената единица, базирани на цивилни предлози и на неговата лична процена, тој ќе ги препорача своите можни решенија.
4) Офицерот за ЦВС , како дел од целокупната информативна кампања, мора да ја промовира намерата и мисијата на командантот.
5) Со цел да ги контролира ЦВС активностите и да се осигура во вистинската координација и во приоритетот на задачите, офицерот за ЦВС е одговорен за подобрување на врските и активностите со меѓународните, со владините и со невладините организации.
6) Овие организации се експерти во нивните области, спроведувајќи нивни посебни процени кои можат да се разликуваат од воените процени кои можат да бидат од витално значење во процесот на воените процени и анализи. Размената на стекнатите знаења, искуства и информации можат да го поддржат овој процес.
7) На цивилните актери треба да им се приоѓа со потребно почитување, без разлика на нивната организираност и ефективност.
8) Со цел поефикасни врски со цивилните организации, офицерот за ЦВС треба да ја познава нивната култура, идентитет, структура и процедури во работата. Постојат многу сличности помеѓу воената единица и цивилните организации. На пример: посветеност на мирот и стабилизацијата на ситуацијата, посветеност на работата за постигнување на истото, меѓународно искуство, тешкиот живот и опасноста, личниот ризик од ранувања, донесување на одлуки под притисок, одреден степен на фрустрации од политичките одлуки итн. Војниците и цивилите користат различен речник. Со цел да се разберат помеѓу себе, двете страни треба да ги избегнуваат нивните специфични терминологии, посебно на почетокот на воспоставувањето на врските.

Покрај сличностите помеѓу воената организација и цивилните организации постојат и голем број различности. Составот и структурата на воените и на цивилните организации се различни. Повеќето меѓународни и невладини организации работат врз база на четирите хуманитарни принципи: непристрасност, неутралност, хуманост и оперативна независност. Како резултат на тоа, организациските цели на меѓународните, владините и невладините организации, спречувањето на страдање го гледаат како свој највисок приоритет, а употребата на воена сила го гледаат како подготовка за војна, а не како реална солуција за некој хуманитарен проблем. Организацискиот состав на овие организации прави разлика меѓу полот, возраста, и етничката припадност на членовите. Организациската структура, процедурите, донесувањето на одлуки и извршувањето во МО, ВО и НВО се главно децентрализирани (наспроти хиерархијата во воените единици).



> Кога војската ќе пристигне во одредена зона, меѓународните и невладините организации се веќе присутни во истата и најважно е војската да ги респектира веќе постојните линии на соработка, координација и комуникација, кои се веќе воспоставени на теренот, обидувајќи се да организира и да отвори центри за ЦВС блиску до штабовите на водечките цивилни агенции и организации

## ЦВС група

ЦВС група е, според составот, најголемиот орган за ЦВС што може



да биде распореден како дел од еден национален контингент или здружени сили. Величината и составот на ЦВС групата ќе зависи од побарувањата на одделна операција и способностите на земјите кои учествуваат со свои сили во одредена операција. Со изведувањето на ЦВС активностите, ЦВС групата е во функција на поддршка на командантот на операцијата и исполнувањето на неговата мисија.
Покрај тоа има различни функционални специјалисти ( не само воени туку, исто така, и цивилни), вклучени во структурата на една ЦВС група. Уште еднаш, бројот на групата, задачите и областа на експертиза ќе зависи од потребите на мисијата и нејзината расположивост. Така, имајќи еден широк спектар на специјалисти во својот состав, ЦВС групата може да обезбеди процена во следните области: цивилната администрација; цивилната инфраструктура; хуманитарната помош; економијата и трговијата и областа на културата. Цивилните експерти во структурите за ЦВС секогаш се потранспарентни и поотворени за потребите на локалните власти и население и обично имаат поадекватен пристап кон чувствителната ситуација отколку воениот персонал. Така, тие можат да бидат линк помеѓу „двата светови“ и да ја подобрат комуникацијата и соработката со цивилните организации присутни во зоната на операции.

## Центар за ЦВС

Центрите за ЦВС претставуват места каде цивилните организации, локалните власти, локалните претставници и армиските сили можат да се сретнат и да дискутираат за ситуацијата во зоната на операции. Таквите средби претставуваат одлична можност за размена на информации, воспоставување на заедничките цели и области на одговорност и за градење заедничко разбирање и доверба.
Најдобрите локации за организирање на центри за ЦВС обично се надвор од воената зона. Кога војската ќе пристигне во одредена зона, меѓународните и невладините организации се веќе присутни во истата и најважно е војската да ги респектира веќе постојните лини на соработка, координација и комуникација, кои се веќе воспоставени на теренот, обидувајќи се да организира и да отвори центри за ЦВС блиску до штабовите на водечките цивилни агенции и организации.
Клучните функции на центрите за ЦВС се: создавање на иницијални точки за контакт; обезбедување на главни точки за офицерот за врски; размена на информации; обезбедување на совети и расположливост на техниката за воена асистенција на цивилните организации; зајакнување на легитимноста на воените сили во очите на цивилните авторитети и локалното население; собирање на барањата на цивилното локално население, рангирање на истите поприоритети за решавање, а преку тоа и за собирање на информации за цивилната ситуација или комплетирање на сликата за цивилната ситуација.

## Извидувачки тим за ЦВС

Главната задача на овој тим е патролирање во зоната на операции, самостојно или во соработка со другите единици, со цел собирање на информации во врска со цивилната ситуација во зоната на операции. ЦВС извидувањето опфаќа процена на условите за живеење на локалното население, хуманитарната ситуација, инфраструктурата и осетливи области, политичката ситуација, културната ситуација и економската ситуација.
Извидувачкиот тим за ЦВС својата задача ја извршува преку следните чекори: подготовка – собирање и процена на потребните информации поврзани со зоната на операции, времето, силите и безбедносната ситуација, разгледување и оценување на информациите кои веќе ги има. Извршување – собирање на информации преку конверзација со цивилните актери и учеството во дискусиите само до ниво на своите компетенции без создавање на големи очекувања кај соговорникот. Дебрифинг – пишување известување коешто ја вклучува процената и препораките и проследување на известувањето.
Состав на извидувачкиот тим за ЦВС: лидер на тимот, возач, асистент (специјалист ), преведувач. Сите НАТО тимови се речиси во ист состав од 2-6 војници, вклучувајќи ги и преведувачот и потребното обезбедување. Се препорачува еден од членовите да биде жена.
Главната задача на ЦВС секциите, на кое и да се ниво (оперативно или тактичко), е да го поддржат командантот со точни и навремени процени за цивилната ситуација во ЗО и со совети, исто така и со план за ЦВС операции, со цел поддршка и постигнување на целите на мисијата на воената единица. Во која било операција, секциите за ЦВС се инволвирани во оперативниот план и константно се во соработка со



другите секции, особено со С-3, С-2, и С-4, со цел на истите да им се пренесат информациите до кои дошол персоналот за ЦВС на теренот и кои се од голема важност за тековните операции на единицата, за безбедноста и за логистиката.
Во зависност од составот на воената компонента во операцијата, секцијата за ЦВС може да има свои елементи испратени на теренот во зоната на операции заради поддршка на единицата со информации за политичката, верската, социјалната и хуманитарната состојба на локалното население, за инфраструктурната ситуација и други информации од доменот на цивилната ситуација.

Симеон Митрев

# „ОДЛУЧЕН УДАР“












# ДЕН ЗА ВИСОКИ ГОСТИ

На Денот за високи гости на националната теренска вежба „Одлучен удар“ кој се одржа на 17 јуни 2019 година на армискиот полигон „Криволак“ беше прикажана висока интероперабилност, развиени вештини, способности и капацитети на земјите-учеснички.

Денот за високи гости го отворија началникот на Генералштабот, генералот Васко Ѓурчиновски, командантот на Здружената оперативна команда, генералот Павле Арсоски и директорот на вежбата, потполковникот Игор Манасовски. На денот за Денот за високи гости присуствуваа, а воедно беа и импресионирани од прикажаното, претседателот и врховен командант, Стево Пендаровски, премиерот Зоран Заев, министерката за одбрана Радмила Шекеринска, в.д. амбасадорката на САД, Микаела Швајцер-Блум, министрите Бујар Османи, Оливер Спасовски, Драган Тевдовски и Љупчо Николовски, заменикот-министер Андреј Жерновски, високи воени и цивилни претставници на вооружените сили на министерствата за одбрана на Северна Македонија, САД, Бугарија, Албанија, Грција и НАТО, како и амбасадори и одбранбени аташеи акредитирани во земјава.

Присутните имаа можност да ја проследат реализацијата на динамичното фиктивно сценарио на комбинираната здружена вежба со боево гаѓање на тема: „Засилената механизирана пешадиска чета во напад“, проследено со синхронизација на сите елементи на борбената моќ. Беа презентирани офанзивни операции на пешадиската баталјонска група на Армијата на Република Северна Македонија, заедно со припадници на Националната гарда на Пенсилванија. Дел од вежбата беа воздухопллови на Армијата и воздухопловот „Б-52“ од вооружените сили на САД, специјални сили од Армијата на Република Северна Македонија, вооружените сили на Албанија, Бугарија и САД, како и артилериска поддршка од вооружените сили на Литванија. Преку демонстрација на подготвеност со употреба на кредибилна колективна одбрана, со вклучно сеопфатно планирање на операции и вежби на командно место, двострана теренска вежба, обука и тактички вежби со боеви гаѓања, се изврши валоризација на борбената готовност на единиците на земјите-учеснички.

Фактот што Република Северна Македонија е домаќин на оваа вежба заедно со пет земји-сојузници во НАТО, уште еднаш покажа дека нашата држава и нејзините вооружени сили имаат капацитет да придонесат кон колективната одбрана, безбедност и сигурност, а воедно се целосно подготвени да бидат полноправен член на Алијансата.

Панде Димоска

# „Land Rover Defender“

Возилото „Land Rover Defender“ е едноставно теренско возило кое се истакнува со цврста градба, голема издржливост, сигурност на работа и одлична проодност по најразлични теренски услови (кал, карпи, песок и снег) во сите климатски зони. За овие особини придонесува силната каросерија која поседува голем клиренс, добрата амортизација и јакиот мотор со добра трансмисија. „Defender“ поседува класична градба со голема внатрешна пространост, а поставеноста на серво-воланот зависи од земјата-корисник. Поставеност на возачот овозможува добра прегледност на пределот или на патот по кој се движи. Со цел поголема отпорност на корозија, шасијата на возилото е изработена од алуминиум и тоа со нитнување и заварување, додека носечкиот рам на шасијата е изработен од галванизиран челик.

Во зависност од верзијата и периодот на производството, во возилото се вградувани различни погони, со различни трансмисии (мануелна или автоматска), но најчесто во воените верзии се вградувани дизел-моторите од 2.400 cc или 2.500 cc, во комбинација со мануелен менувач. Последната сериски произведувана верзија е опремена со дизел-мотор од 2.198 cc (со 4 цилиндри), со снага од 122 кс, во комбинација со мануелен менувач со 6 брзини и помала рачка за редукторот со 2 позиции. Најновата верзија е опремена со перманентен погон на сите 4 тркала. Во зависност од верзијата зависи и потрошувачката на гориво, па така верзијата „Defender 90“ има најголема потрошувачка од 11.7 литри на 100 km, додека „Defender 110“ и „Defender 130“ имаат најголема потрошувачка од 13.6 литри на 100 km. Системот за сопирање е составен од серво-кочници со дискови на предните и на задни тркала. Одредени верзии се опремени и со кочниот систем ABS и со електронскиот систем за контрола ETC. Инаку, воените верзии на возилото стандардно се опремени со челични бандажи од 16 инчи. За амортизација возилото на предните и на задните тркала користи спирални пружини во комбинација со амортизери. Исто така, носивоста варира во зависноста од верзијата, на пример „Defender 90 Station wagon“ има носивост од 603 kg, „Defender 110 Station wagon“ има носивост од 986 kg, а верзијата „Defender 130 Chassis Cab“ има носивост од 1.638 kg. На кровот (со соодветен носач) возилото поседува носивост од 150 kg. По потреба возилото може да се опреми со влечна кука, со можност за влечење приколка со максимална тежина од 3 тони. Од верзијата зависи и бројот на врати на возилото, и тоа со 2, 3, 4 или 5 врати. Истото важи и за бројот на позиции за седење, кој може да варира од 2 до 9. Од опрема на возилото може да се постави витло за извлекување, ротациони светла, звучници, метални заштитни шипки, бочни метални прагови, комуникациски уреди, климатизација, кука за влечење и друга опрема. Од почетокот на производството до денес се развиени многу воени верзии, како на пример класична транспортна, комуникациска, командна, медицинска, извидувачка, борбена неоклопна, оклопна борбена, транспортна оклопна и други.

Независно што возилото првично било планирано како транспортно средство за непристапен терен, истото станува солидна платформа за поставување на различни модели на оружја, како на пример пушкомитралези и тешки митралези со различни калибри, автоматски лансери на гранати од 40 mm, па сè до противавионски и противоклопни ракети.

Освен во Обединетото Кралство, возилата „Land Rover Defender“ се произведувани или склопувани по лиценца во: Австралија, Шпанија, Турција, Бразил, Пакистан, Малезија и Јужна Африка, а во светот го користат многу држави за потребите на војската, на безбедносните служби или на службите за спасување.

Ивица Дамески




**Објаснување на пресек-сликата Пресек на „Land Rover Defender“ 4x4 (верзија „Wolf“)**

1. Светлосен фар со светлосна сигнализација
2. Дизел-мотор
3. Поклопец на отворот за вентилација
4. Волан
5. Еноделно ветробранско стакло
6. Позиција на возачот
7. Заштитна церада
8. Помошен монтажен лим за ослободување на заглавени тркала
9. Заштитни метални шипки-носачи на церада




**10.** Резервно тркало
**11.** Заден транспортен простор
**12.** Склопувачко седиште
**13.** Алуминиумска шасија
**14.** Ауспух
**15.** Задна амортизација
**16.** Сувозачко седиште
**17.** Носач на каросерија
**18.** Трансмисија
**19.** Бандажи од 16 инчи
**20.** Кочен диск
**21.** Предна амортизација
**22.** Заштитен лим
**23.** Ладилник на моторот

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „LAND ROVER DEFENDER“ 4X4 (STATION WAGON) | | | |
|---|---|---|---|
| ВЕРЗИЈА | 90 | 110 | 130 |
| ДОЛЖИНА | 4.040 mm | 4.785 mm | 5.271 mm |
| МАКС. ШИРОЧИНА | 1790 mm | 1790 mm | 1790 mm |
| ВИСОЧИНА | 2.182 mm | 2.182 mm | 2.182 mm |
| КЛИРЕНС | 250 mm до осовините 323 mm до шасијата | 250 mm до осовините 314 mm до шасијата | 250 mm до осовините 314 mm до шасијата |
| РАСПОН НА ОСКИТЕ | 2.360 mm | 2.794 mm | 3.226 mm |
| ТЕЖИНА | 2.505 kg | 3.050 kg | 3.380 kg |
| ПОГОН | Дизел-мотор од 2.198 cc, со 4 цилиндри и снага од 122 кс | | |
| МАКС. БРЗИНА | 145 km/h | 145 km/h | 145 km/h |
| КАПАЦИТЕТ НА ГОРИВО | 60 литри | 75 литри | 75 литри |
| ПРЕМИН ПРЕКУ ВОДЕНА ПРЕПРЕКА | 50 cm | 50 cm | 50 cm |
| ПРЕДЕН НАКЛОН | 45° | 45° | 45° |




# „Sikorsky S-76“

Првичната замисла за развој на овој хеликоптер била за превоз на работници до и од нафтени платформи за 12-патничка верзија со распоредени патници во три редови од по четири патници, за итни медицински услуги, за операции за пребарување и спасување, како и за транспорт на бизнисмени во шест патничка ВИП верзија, односно четири до осум патници во луксузна варијанта. Последната варијанта имала дизајнирано тивка кабина која обезбедува работна средина за време на летот и овозможува разговори без потреба од слушалки. Во суштина тоа бил првиот „Sikorsky“ хеликоптер дизајниран исклучиво повеќе за комерцијална отколку за воена употреба. Елегантните линии на „S-76“ во комбинација со значителен напредок во технологиите, резултирале во воздухоплов со одлична ефикасност. Опремен е со два мотори и со вовлекувачки стоен трап (вовлекувачки тркала), поради што доаѓа до зголемување на брзината на крстарење за дополнителни 11 км/час.
Развојот на „S-76“ започнал во средината на 1970-тите години, познат како „S-74“, со дизајнерска цел да обезбеди среден хеликоптер за корпоративен транспорт за потребите на индустријата за експлоатација на нафта. Називот од „S-74“ бил преименуван во „S-76“ во чест на 200-годишнината од усвојувањето на

Хеликоптер со средна големина „Sikorsky S-76“ главно е наменет за комерцијални повеќенаменски услуги. Произведен е од страна на компанијата „Sikorsky Aircraft Corporation“

Декларацијата за независност, настан кој е прославен во 1976 година. Прототипот на хеликоптерот за прв пат полетал на 13 март 1977 година. Американската федерална администрација за воздухопловна управа извршила сертификација во ноември 1978 година, а првата достава на купувач била реализирана во текот на наредната година. Хеликоптерот го носел називот „Spirit S-76“ сѐ до крајот на 1978 година. Ова име официјално било отфрлено од страна на компанијата во 1980 година, поради појава на непредвидени компликации кога „Spirit“ бил преведен на одреден странски јазик.

## Варијанти и опрема

Хеликоптерот „S-76“ е достапен во десет варијанти: S-76A, S-76A Utility, S-76A+, S-76A++, S-76A Mk II, S-76B, S-76C, S-76C+, S-76C++ и S-76D. Првичното производство на „Sikorsky“ како варијанта „S-76A“ била во компанијата „Canadian Helicopters“ и се користила



како воздушна амбуланта. И други авиокомпании управувале со „S-76A“ на редовните услуги, вклучувајќи ги „Helijet Airways“ од Ванкувер и „British Columbia“ од Канада. Втората варијанта „S-76A Utility“ е напредна верзија на „S-76A“, опремена со лизгачки врати и зајакнат под. Моделот „S-76 Mk II“ е воведен во 1982 година, од кој е развиена и воената варијанта „AUH-76“ (вооружена повеќенаменска варијанта). Потоа следува моделот „S-76B“ од 1987 година, кој постигнал максимална брзина од 287 км/час на ниво на море. Производството на хеликоптерот не запирало, при што над 500 модели „S-76“ биле доставени до почетокот на 2001 година.

Студијата на двете компании, „Boeing“ и „Sikorsky“ довела до планови за развој на моделот „Sikorsky S-76 SHADOW“, кој ќе биде хеликоптер управуван од еден пилот. Целта била да се проучи човечкиот инженерски интерфејс помеѓу пилотот и контролните пунктови и дисплеи во пилотската кабина. Кокпитот бил дизајниран така што сензорите ќе ги пренесат податоците до пилотот преку дисплеи монтирани на пилотскиот шлем. Сепак, студијата утврдила дека реализација на мисиите од страна на еден пилот е небезбедна и би резултирало со пилотско преоптоварување.

Следувале и други понапредни варијанти, како што е моделот „S-76C +“ произведуван до декември 2005 година. Бил опремен со подобрени карактеристики на моторите (Full-Authority Digital Engine Controls - FADEC), а оваа верзија вклучува и активна супресија на бучавата, амортизери за вибрации и композитен главен ротор. Во јануари 2006 година, „S-76 C ++“ ги заменил претходните верзии во производството со подобрен и потивок пренос, како и мали промени во внатрешната опрема и авиониката.

Развојот на следните модели „S-76D“ било предмет на четиригодишно одложување поради техничките проблеми поврзани со перформансите на летот. Прототипот го направил својот прв лет на 7 февруари 2009 година, а сертификатот за типот првично е очекуван во 2011 година, со испораки предвидени за крајот на таа година. Хеликоптерот е сертифициран на 12 октомври 2012 година. Три прототипови се користени во програмата за сертификација, при што еден хеликоптер се користел за сертифицирање на електричниот систем за заштита на роторот од заледување. Моделот „S-76D“ вклучува композитни ротори и активна контрола на вибрациите. Перформансите значително се подобруваат со додадената моќност, но почетната сертификација ја задржува истата бруто-тежина и истата максималната брзина како претходните



модели. Во текот на 2013 година, кинеската компанија „Changhe Aircraft Industries Corporation“, под контрола на Управата за цивилно воздухопловство на Кина е договорена и сертифицирана за лиценцирано производство на комерцијални кабини на моделот „S-76D“, и тоа како втор извор за кабини покрај компанијата „Aerodochody“ од Чешка. Првиот комплетен симулатор за летање на хеликоптер „Sikorsky S-76D“ е изведен во Центарот за обука во West Palm Beach во Флорида. Двете компании, „Sikorksy Aircraft“ и „FlightSafety International“ работеа заедно за да развијат симулатор и програма за обука. Симулаторот е опремен со визуелен систем на FlightSafety, кој обезбедува глобални сателитски слики со висока резолуција и прикажува реални сцени за обука за специфични мисии со низа сценарија.

Хеликоптерот поседува богата опрема, авионика и системи. Станува збор за современи уреди и тоа: Four-Axis Fully Coupled Autopilot, Integrated Instrument Display System, Ground Proximity Warning System, Weather Radar, Dual Comm/Nav Radios, Automatic Direction Finder, Dual Attitude And Heading Reference System, Air Data Computers, Radio Altimeter, Mode C Transponder, Dual VHF Omnidirectional Range, Instrument Landing System, Distance Measuring Equipment, Rotor Ice Protection System, Health And Usage Monitoring System и Cockpit Voice Recorder. Контролите на летот се хидраулично асистирани од страна на системот за стабилизација т.н. Stability Augmentation System. Лесно се монтира опремата за слетување на вода во итни случаи со употреба на хелиумски наполнети кеси во случај на принудно слетување на вода.

Драган Павловски




| ГЕНЕРАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ | |
|---|---|
| КАПАЦИТЕТ | до 12 патници |
| ДОЛЖИНА | 16.00 м |
| ВИСОЧИНА | 4.42 м |
| ТЕЖИНА НА ПРАЗЕН ХЕЛИКОПТЕР | 3.177 кг |
| МАКСИМАЛЕН ДОЛЕТ | 761 км |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 287 км/час |
| ПЛАФОН НА ЛЕТ | 4.572 м |




# ПИШТОЛ или РЕВОЛВЕР

Општите побарувања за лично оружје се ефикасност на растојание до 50 метри, едноставна конструкција за полесно користење, одржување и едукација, голем капацитет за складирање на муниција, сигурно работење, кратко време за подготовка пред пукање, брзо отстранување на застои, соодветен квалитет на материјалот (особено за одредни компоненти), подеднакво користење со лева и десна рака, можност за монтажа на уред за нишанење и осветлување, добар ергономски дизајн, вклучувајќи ја можноста и за ракување со ракавици. Пиштолите можат да бидат неавтоматски, при што и полнењето и испукувањето се врши рачно, полуавтоматски, каде повторното полнење е автоматско, но за испукувањето треба чкрапалото да се повлече за секој истрел, и целосно автоматски, каде и полнењето и испукувањето се вршат автоматски сѐ додека чкрапалото е притиснато. Модерните пиштоли се или полуавтоматски или целосно автоматски, автоматските пиштоли имаат можност да се избере или полуавтоматско или целосно автоматско работење. Некои автоматски пиштоли се опремени со кундак за да се зголеми ефективниот





дострел, од 50 до 200 м. Револверите се разликуваат од пиштолите по тоа што муницијата се става во барабан, наместо во рамка. Додека се пука со револвер, барабанот се движи околу својата оска сè додека куршумот не е во линија со цевката на оружјето. Капацитетот на барабанот обично е од пет до седум куршуми. Повеќето пиштоли употребуваат куршуми со калибар помеѓу 7,62 и 11,43 мм. Сите овие калибри обезбедуваат кинетичка енергија значително поголема отколку што е потребна за уништување на жива цел на практични растојанија. Во моментов, најпопуларниот пиштол е со калибар од 9 мм, развиен во 1902 година. Куршумите од овој калибар обично имаат слична кинетичка енергија со оние од калибар од .45 (11,43 мм), но помалите димензии и тежина на куршумот и зрното овозможуваат поголема пенетрација. Неговиот недостаток е помалиот ефект врз незаштитените живи цели. Други калибри се значително поретки. Поранешниот источен блок користеше куршуми во калибар од 7,62 мм и 7,65 мм, но калибарот од 9мм обезбедува најдобра рамнотежа на карактеристиките. Брзината на пукањето од пиштол е многу поголема од онаа на револверот. Пиштолите се значително поедноставни за повторно да се наполнат во жарот на борбата, заради складирање на сите куршуми во една рамка. Револверите обично се полнат еден по еден куршум во барабанот. Иако постои опција за клип со куршуми (за брзо надополнување), одеднаш на целиот барабан, тие се непријатни за носење. Овој клип се состои од пластичен прстен кој ги држи куршумите и со притискање на неговото дно откако ќе се постави на барабанот, куршумите се вметнуваат. Кај

Дали револверот или пиштолот е подобар е тема на дискусија меѓу љубителите на лично огнено оружје веќе со децении. Откако е изумен пиштолот, постои значителен степен на контроверзност околу тоа дали пиштолот или, пак, револверот е подобар. Секој од нив има свои предности и недостатоци

пиштолот, само треба да се ослободи празната и да се вметне новата рамка, а потоа да се вметне првиот куршум во цевката. Оваа потреба за полнење кај револверот е неповолна, бидејќи таквата акција може да се заборави во жарот на борбата. Историски гледано, полициските службеници кои користеле револвери никогаш не се обидувале да ги полнат додека биле во борба. Наместо тоа, тие носеле повеќе пиштоли и го земале полниот кога претходниот пиштол ќе се испразнел. И двете оружја се ограничени на кратки растојанија, каде брзата реакција е од голема важност. Од безбедносни причини, се препорачува да не се носи пиштол или револвер со заклучен удирач. Со тоа, се предизвикува пружината да биде компресирана, што на долг рок може да предизвика губење на еластичноста и да доведе до губење на енергијата со што не би била доволна за активирање на ударната игла. Револверите први биле направени со двојна акција на чкрапалото, па тие подолго време биле подготвени за употреба. Сепак, и пиштолите денес имаат такви чкрапала, и кога се носат со куршум во цевката тие исто така можат да бидат подготвени за итна употреба. Додека се пука со револвер, се губи поголема количина на гасови. Пиштолот губи дел од гасовите поради нивното искористување за автоматиката и оваа количина е помала отколку кај револверот. Следствено на ова, пиштол со ист калибар и должина на цевката, користејќи иста муниција, ќе има поголема брзина на излезот од цевката во однос на револверот. Способноста да се дизајнира ергономска форма, особено онаа на рачката, е ограничена кај пиштолот поради потребата од складирање на рамките со муниција. Револверите го немаат тоа ограничување, па тие можат да имаат индивидуална рачка, иако прилагодувањето на рачката е непрактично за воена употреба. Револверите исто така полесно се извлекуваат поради поповолно позиционирање на рачката во однос на раката на корисникот. Некои пиштоли имаат заштита на чкрапалото направена така што овозможува сигурно држење со двете раце, како и мазна надворешна површина, без издигнувања што може



да предизвикаат проблеми при извлекувањето.
Пиштолите и револверите кои користат иста муниција се со приближно иста димензија и тежина, со тоа што револверите се малку пошироки поради барабанот, а постојат разлики во позиционирањето на центарот на тежината.
Исто така, револверите кои користат магнумска муниција имаат тенденција да бидат 20% потешки од пиштолите и револверите кои користат стандардна муниција од ист калибар. Разликите во центарот на тежината се предизвикани од страна на позиционирањето на рамката за муниција.
Повеќето пиштоли имаат рамка за муниција сместена во внатрешноста на рачката, што предизвикува цевката при пукање да се движи нагоре. Центарот на тежината на целосно наполнет револвер е под чкрапалото, околу првата третина од барабанот. И револверите и пиштолите имаат околу 55 составни делови, така што во тоа никој нема предност. Постојат неколку исклучоци, како што е пиштолот „Глок 17" кој има само 32 дела. Сепак, револверите се полесни за одржување, бидејќи не мора да ги менуваат своите пружини или редовно да се подмачкуваат. Поради нивната конструкција, револверите можат да бидат наполнети со разни видови на муниција од ист калибар. Некои нови пиштоли, како „Глок 17" исто така можат да користат различни видови муниција. Сепак, револверите имаат голема предност во тоа што можат да



прифатат муниција со различни притисоци. Повеќето пиштоли не можат да функционираат, освен ако муницијата не е со точни притисоци. Пиштолите ја имаат предноста во тоа што повеќето автомати ја користат истата муниција како пиштолите, што во повеќето случаи не важи за револверите.
Пиштолите имаат капацитет на рамките за муниција од 8 - 15 куршуми, додека целосно автоматските пиштоли имаат капацитет од 20 куршуми. Револверите обично имаат само 5 - 6 куршуми, што може или не може да биде доволно - во некои случаи може да бидат потребни неколку истрели за да се запре еден напаѓач, а може да ги има и повеќе од еден.
Во таква ситуација, пиштолите со поголем капацитет на муниција и значително побрзо време на повторно полнење нудат значителна предност.

Револверите се разликуваат од пиштолите по тоа што муницијата се става во барабан, наместо во рамка. Додека се пука со револвер, барабанот се движи околу својата оска сè додека куршумот не е во линија со цевката на оружјето. Капацитетот на барабанот обично е од пет до седум куршуми

Пиштолите имаат предност кога станува збор за брзината на пукање. Револверите со единечна акција, каде што удирачот се повлекува рачно, имаат потреба од активирање со сила од 1,5 daN, додека револверите со двојна акција имаат потреба од сила за активирање од 4 daN. Кај пиштолите, активирањето на удирачот - рачно или преку чкрапалото е потребно само за првиот истрел. За секој следен истрел, удирачот се активира циклично. Како резултат на тоа, пиштолите бараат само 2 daN за повлекување на чкрапалото, што е голема предност кога е потребно брзо пукање. Револверот, за разлика од повеќето пиштоли, обично нема





> Брзината на пукањето од пиштол е многу поголема од онаа на револверот. Пиштолите се значително поедноставни за повторно да се наполнат во жарот на борбата, заради складирање на сите куршуми во една рамка. Револверите обично се полнат еден по еден куршум во барабанот

кочница, бидејќи е безбеден и без неа. Можно е да се зголеми безбедноста со тоа што нема да се наполни целосно, а ударната игла да биде на празна комора. Повеќето пиштоли имаат една кочница, но некои имаат и повеќе од кои некои или пак сите кочници се автоматски, па затоа нема потреба рачно да се ослободува кочницата. Пример би бил HS2000, кој има три независни кочници, но бидејќи сите се автоматски, стрелецот мора само да го повлече пиштолот и да отвори оган, без да мора да се грижи за деблокирање на оружјето. Меѓутоа, рачните безбедносни мерки допринесуваат кон безбедноста на сопственикот на пиштолот. Во многу случаи каде што напаѓачот го одзел пиштолот, фактот дека напаѓачот мора да се снајде со сигурносните мерки на непознато огнено оружје, го спасил животот на корисникот. Кога се пука со револвер, единствената индикација за празен барабан е кога удирачот прави само „клик“ наместо да има истрел. Кај повеќето пиштоли, навлаката е во крајната задна положба откако рамката со муниција е празна, давајќи корисно предупредување и истовремено овозможувајќи подобро ладење на цевката.
Основната обука е поедноставна кај револверот, бидејќи повеќе работи можат да тргнат наопаку при ракувањето со пиштол. Меѓутоа, утврдено е дека за постигнување на еднаква прецизност при брзо пукање, неопходно е да се користи 50% муниција помалку при тренинг со револвер отколку со пиштол. Револверот, исто така, има предност во тоа што е имун на повеќето застои кои можат да се појават кај пиштолот, како што е неисфрлање на чаурата или нејзино заглавување. Исто така, ако куршумот не се испука, со следното чкрапање се носи нов куршум во позиција за пукање; кај пиштолот, треба да се повлече навлаката за да се извади заглавената чаура или куршум. Револверот многу полесно се чисти бидејќи нема потреба да се расклопува. Сепак, пиштолите имаат подобра толеранција на застои, што е значаен фактор во војската. Револвер со двојна акција ако падне во кал, најверојатно ќе биде надвор од употреба, додека пиштол со воена спецификација и покрај нечистотијата ќе работи добро. Кај револверот, исто така, може да дојде до застој поради не поклопување на комората со цевката, што значи потреба од построги толеранции отколку кај пиштолот, а тоа, пак, значи и поголема веројатност за застој. Причината зошто револверите се сметаат за посигурни е двојна: една е основната заблуда за комплексноста и работните принципи на пиштолот, а второ е искуството од почетокот на 1900-тите, кога пиштолската муниција била со лош квалитет поради нестабилните каписли на куршумите. Но листата на можни причини зошто револверот не може да пука е долга и тоа повеќето се сериозни застои што не можат брзо да се отстранат за време на борбата, бидејќи се потребни алатки за да се одстранат. Пиштолот има значително помало повратно дејство во споредба со револверот со ист калибар и муниција, што ја подобрува прецизноста, особено кога се пука брзо. Оваа разлика во повратното дејство е поради тоа што гасовите се користат за циклична акција за повторно



полнење на цевката. Пиштолите имаат предност во тоа што можат да бидат опремени со придушувачи. Тоа е бесмислено за револверите, бидејќи повеќето гасови бегаат помеѓу барабанот и цевката.
Да резимираме, предностите на пиштолот се поголема сигурност и толеранција на застои, супериорна огнена моќ, поголем дострел и прецизност кога се користи ист тип на муниција. Исто така, има предност во покажувањето на состојбата на рамката со муниција, подобра прецизност за време на брзо пукање поради намаленото повратно дејство и намален звучен потпис кога се користат придушувачи, како и подобра толеранција на застои. Револверот има поедноставна конструкција и барање за помало одржување, како и поголема сигурност во ситуации во блиска борба со физички контакт. Постојат две основни ситуации во кои се користи огнено оружје: за самоодбрана и во борба. Во минатото, брзата реакција, запирната моќ и прецизноста на првиот истрел била најважна, бидејќи противникот морал да биде онеспособен што е можно побрзо. Подоцна, обично имало доволно време да се подготви оружјето за употреба и бидејќи противниците се во заклон, пенетративните способности на муницијата, како и капацитетот на рамката со муниција се важни карактеристики. Генерално, револверот е подобро оружје за самоодбрана, додека пиштолот е супериорен за воена употреба. Како заклучок, постојат добри и лошите страни поврзани со пиштолите и револверите. Некој може да мисли дека револверот е најдобро оружје, додека пак на други пиштолот им е поприивлечен. На крајот, сепак ова е многу личен избор, а најдоброто лично оружје, било тоа да е пиштол или револвер, ќе биде она што корисникот го има со него и најдобро ќе знае како да го употреби.

Александар Стојчевски




# MRAP „Cougar“

## заштитено оклопно патролно возило

Возилото „Cougar“ одговори на потребата на војската на САД за маневарско воено возило со супериорни способности за заштита на силите. Возилата „Cougar“ се способни за извршување на различни мисии, од расчистување на патишта од страна на (EOD) тимовите за обезбедување на конвоите, како и за извидување, истовремено обезбедувајќи заштита од пешадиско оружје и импровизирани експлозивни направи (IED). Возилата „Cougar“ се достапни во варијантите 4x4 и 6x6 на тркала. Варијацијата на тркала 4x4 може да превезува 6 патници, а варијацијата 6x6 може да транспортира 10 лица. Првото распоредување на „Cougar“ беше во Ирак и во Авганистан во 2003 година. Моментално се во употреба во војската на САД (и во двете мисии, во воената и во мисијата за спроведување на законот), во Полска, во Обединетото Кралство, во Унгарија, во Канада, во Италија и во Ирак. Одбранбените способности на возилата „Cougar“ доаѓаат и од неговиот оклоп и од дизајнот на телото. Оклопот на MRAP „Cougar“ обезбедува заштита од

Возилото MRAP „Cougar“ е заштитено оклопно патролно возило, произведено од страна на „General Dynamics“. Првично овие возила беа произведувани од „Force Protection Incorporated“



пешадиско вооружување до калибар 7,62 мм оклопно пробојни куршуми (armor-piercing rounds), заштита од (RPG), мини поставени во земјата, како и заштита од IED. Возилото може да издржи двојна експлозија на мина еквивалент на TM -57 под секое тркало, како и една експлозија под средината на возилото. Возилата MRAP „Cougar" се опремени со Hutchinson VFI (Variable Function Insert) „run-flat" гуми на сите тркала и опционално може да бидат опремени со систем за NBC (nuclear, biological, and chemical) заштита, со можност за ефикасно запечатување на возилото од надворешни контаминации. Возилата MRAP „Cougar" имаат уникатен труп во „V" форма. Кога повеќето возила се погодени со IED, долниот дел на возилото, дното, е под прав агол со експлозијата, што резултира со тоа поголемиот дел од енергијата на експлозијата да удира директно во возилото и во екипажот и патниците. Меѓутоа, кај возилата MRAP „Cougar"со труп во „V" форма, резултира со тоа што енергијата на експлозијата го погодува возилото под дијагонален агол. Овој кос агол ја насочува енергијата на експлозијата подалеку од возилото, што во голема мера ја зголемува способноста за преживување на возилото и на патниците во него. Ефективноста на возилата со монококен труп во „V" форма е повеќе од само теорија, во периодот помеѓу 2007 година и распоредувањето на „Cougar" во 2003 година се проценуваат на 1000 IED напади без загуба на човечки живот. Во конвенционалниот распоред моторот се наоѓа на предната страна, кабината за посадата се наоѓа во средина и одделот за војниците на задниот дел. Возачот и командирот на возилото се заштитени со два правоаголни проѕирни оклопни стаклени прозори. Секоја од страните каде што се сместени трупите и секоја пристапна врата се обезбедени со прозорци за набљудување.

Возачот и командирот можат да влегуваат и да излегуваат од возилото низ вратите од двете страни на кабината Одделот за трупите е опремен со двојни врати во задниот дел на возилото. Кровот е опремен со стандарден отвор со поклопец. Како што претходно напоменавме дека „Cougar" се достапни во варијантите 4x4 и 6x6, тие се опремени со „Caterpillar C-7 diesel" мотор и автоматска трансмисија со шест брзини „Allison 3500 SP", обезбедувајќи му 330 hp и максимален вртежен момент од 1166 nm при 1450 вртежи во минута. Има максимална брзина на движење од речиси 105 км/ч и автономија на движење од 675 км. Возилото MRAP „Cougar" со високи седишта може да совладува водени препреки до длабочина од 1 метар, совладување на

Оператори на возилата „ American 4×4 Cougar H & 6×6 Cougar HE MRAP" се: Канада 40 возила 4x4, Унгарија 3 возила 4x4, Хрватска 4+ (војската на САД донираше неколку возила на контингентот на хрватската армија во ИСАФ), Полска 40 возила заем од САД, САД 950 возила 4x4 и 1560 возила 6x6. Велика Британија – модификација 4×4 & 6×6 во Mastiff, Wolfhound и Ridgback

Странски варијанти: „Ridgeback", „Mastiff" и „Wolfhound" се британски верзии на MRAP. Варијантата „Ridgeback" е најмалата од сите три. Опремена е со оклоп за покривање на блоковите за набљудување и на отворите за пукање. Верзиите „Mastiff" и „Wolfhound" се 6x6 на тркала. „Wolfhound" е опремен со заден простор за дополнително складирање. „Timberwolf" е варијанта на канадската армија која служи како командни и контролни/извидувачки возила. Карактеристики и спецификации на 4×4 „Cougar H" (Category 1 MRAP): должина: 5,91 метри; широчина: 2,74 метри; висина: 2,64 метри; тежина 14,5 тони; Gross max – 17,2 тони; посада: 2 + 4; оклоп: класифициран; вооружување:



наклон од 60%, страничен наклон 30%. Возилото може да се транспортира по воздушен пат со транспортен авион „C-17". Возилото MRAP „Cougar" има можност за монтирање на кровот на 7.62 mm M240 митралез, .50 caliber M2 митралез и MK19 40 mm „automatic grenade launcher", како и останати слични платформи за вооружување. Исто така, може да биде опремено со платформа за оружје со далечинско управување, способна да ги монтира истите платформи за оружје, што овозможува оперирање на куполата од внатрешноста на возилото. Некои форми на „Cougar", исто така, доаѓаат со отвори за пукање. „MRAP" е достапен во неколку варијанти. Варијантата JERRV (Joint EOD Rapid Response Vehicle) е достапна во двете верзии на тркала 4x4 и 6x6, наменета првенствено за расчистување на патишта и EOD -капацитети. Варијантата HERV (Hardened Engineer Vehicle), исто така, е достапна во двете верзии на тркала 4x4 и 6x6 и се користи од US Marine Corps. Cougar ISS (independent suspension system). Cougar MRAP, Badger ILAV (Iraqi Light Armoured Vehicle).

примарно (опционално) remote weapon station (Common Remotely Operated Weapon System II), секундарно (опционално): отвори за пукање во задниот дел;
мотор: Caterpillar C-7 Diesel I6, generates 330hp (243 kW); трансмисија: автоматска Allison 3500SP; суспензија: 4x4 на тркала; оперативен дострел: 966 км; максимална брзина: 105 км/ч.
Карактеристики и спецификации на 6×6 „Cougar HE" (Category 2 MRAP): должина: 7,08 метри; широчина: 2,74 метри; висина: 2,64 метри; тежина 19 тони; Gross max – 24,5 тони; посада: 2 + 10; оклоп: класифициран; вооружување: примарно (опционално) remote weapon station (Common Remotely Operated Weapon System II), секундарно (опционално): отвори за пукање во задниот дел; мотор: Caterpillar C-7 Diesel I6, generates 330hp (243 kW); трансмисија: автоматска Allison 3500SP; суспензија: 6x6 на тркала; оперативен дострел: 966 км; максимална брзина: 105 км/ч.
Возилата „Cougar" беа нарачани од страна на US Marine Corps (USMC)



во 2004 година за распоредување во Ирак. Министерството за одбрана на САД направи договор во висина од 50 милиони долари во мај 2016 година за набавка на 79 возила за брза реакција (Cougar Joint Explosive Ordnance Disposal Rapid Response Vehicles - JERRV). Во ноември 2006 година од страна на USMC беа нарачани дополнителни 200 возила „Cougar JER-RVs“. Во август 2006 г. Министерството за одбрана на Обединетото Кралство прави договор вреден 83 милиони долари за 86 возила „Cougar EOD“. Овие возила се означени како „Mastiff Protected Patrol Vehicles (Mastiff PPV)“. Во декември 2006 година „Force Protection“ и „General Dynamics Land Systems“ формираа заедничка компанија наречена „Force Dynamics“ за да понудат „Cougar 4×4 и 6×6“ возила за „US Mine Resistant Ambush Protected (MRAP)“ програмата за возила. Во јануари 2007 година компанијата доби наредба за тестирање и евалуација на две „Cougar H“ и две „Cougar HE“ возила според MRAP-програмата.

Компанијата веќе во февруари 2007 година добива договор вреден 67,4 милиони долари за 65 возила „Cougar 4×4 Category I“ и 60 возила „Cougar 6×6 Category II“. Во април 2007 година USMC направи договор во вредност од 490 милиони долари за 300 возила „Category I Cougar 4×4“ и 700 возила „Category II Cougar 6×6“ од MRAP програмата. Во јуни 2007 година US Navy направи договор вреден 221 милион долари за 395 возила „Category I“ и 60 возила „Category II Cougars“.
Во јуни 2008 година Министерството за одбрана на Обединетото Кралство нарача 157 „Ridgback“ возила. „Ridgback“ е модифицирано возило „Cougar“ 4×4 развиено за британските сили.
Во јули 2009 година војската на САД направи договор со „Force Protection“ вреден 220 милиони долари за набавка на редизајниран TAK-4 независен комплет за суспензија за 1317 MRAP „Cougar“ возила. Во февруари 2010 година „Force Protection“ добива договор вреден 16.1 милиони долари за воена продажба на 23 возила „Cougar Mastiff EOD“ од USMC во Велика Британија. Во мај 2010 година „Force Protection“ потпиша договор вреден 24 милиони долари со USMC за 30 возила „Cougar Category I MRAP“. Во април 2011 година „Force Protection“ добива поддоговор од компанијата „Integrated Survivability Technologies“ да испорача 47 возила „Cougar Mastiff“ на Министерството за одбрана на Обединетото Кралство.
Бидејќи огромен број на MRAP возила се во употреба преку океанот, враќањето во САД ќе биде скапо дури само за да ги складираат. Од финансиска страна има смисла овие возила да бидат продадени како вишок во други земји, што е процес подготвен за почеток, затоа во иднина ќе се зголеми бројот на возилата MRAP „Cougar“ кои оперираат надвор од САД.
Возилата познати по беспрекорниот степен на преживување на посадата, кое се должи не само на длабоко дефлексивното дно на трупот во „V“ форма, туку и на класифицираниот оклоп кој дава заштита од .50 cal митралези и 155 мм HE проектили, често е користен од страна на многу бунтовници како избор на оружје при IED напад.
MRAP возилото на четири тркала (all-terrain vehicle M-ATV) е најновата адиција на компанијата „Force Dynamics“ (заедничко вложување на Force Protection и General Dynamics Land Systems) од семејството на оклопни M-ATV возила. Развиени од страна на „US Firm Force Protection Inc“ (компанијата е купена во 2011 година од страна на „General Dynamics“) во 2004 година, шасијата е произведена од страна на „Spartan Motors“, а потоа се испраќа во „Force Protection“, која ја комплетира останатата конструкција на возилата.
Иако ново за војската на САД, возилото како што е MRAP „Cougar“ не се нов дизајн. Дизајнот „Cougar“ може да го пронајде своето потекло од производствената компанија „Olifant Manufacturing Company“ од Јужна Африка, која првично го развила дизајнот на конструкцијата на трупот во форма на буквата „V“ на повеќе тркала, кој го користеше војската на Јужна Африка во своите операции против Ангола и Намибија во 1980-тите.
Овие возила се дизајнирани така што имаат добра брзина и издржливост на патот (како би се овозможило патување на долги растојанија, како и намалени потреби за одржување поради дизајнот на тркалата) и беа специјално дизајнирани за максимално да ја зголемат способноста за преживување на патниците против заседа од пешадиско оружје и конвенционално поставуваните мини.



Идриз Идризоски




# „Бункарт“

## Бункерите во Албанија – печат од минатиот век

Повозрасните се сеќаваат, а помладите учат од историјата.....
Бункерите во Албанија се изградени според програмата за бункеризација од 1975 година до 1983 година во времето на диктаторот Енвер Хоџа и истите го рефлектираат режимот на комунизмот во времето после либерализацијата односно ослободување на Албанија.Тој планирал да се изградат повеќе од 220 илјади бункери, поголеми или помали ширум Албанија, но бројката на изградени бункери достигнала нешто повеќе од 173 илјади бункери. Поголем дел од нив биле градени од рацете на војниците, но и од страна на цивилното население, а притоа многу од тие што ги граделе бункерите настрадале или го загубиле животот во несреќи при изградбата.
Во јуни 1978 година за прв пат бункерот што сега е наречен „Бункарт 1“ бил најавен во јавноста и презентиран како бункер за антинуклеарен удар, граден под палката на тогашната комунистичка влада, со конструкција од 5 ката под земја, со вкупно 106 соби за сместување и голем собраниски хол,

„Бункарт“ претставува уметничка инсталација што ја модифицира историската конотација, прикажувајќи една нова димензија на бункерите во Албанија како културно-историски споменици, односно музеј-куќи



односно амфитетар за состаноци. Основната намена била да послужи како засолниште во случај на нуклеарен удар на екс-диктаторот Енвер Хоџа и поранешниот претсател на тогашната влада Мехмед Шеху, како и сигурно засолниште за офицерите од Генералштабот и Армијата на Репубика Албанија во случај на војна.
После неполни четири децении од изградба на бункерите, поточно во ноември 2014 година, на иницијатива на италијанскиот новинар Карло Болино и албански тим за историско истражување предводен од новинарот Адмирина Пеќи, започнале проект со отворање за јавноста на „Бункарт 1“ со видеоприкази внатре во антинуклеарниот бункер, лоциран на периферијата на Тирана.
Во ноември 2016 година се случило прдолжение од прва во втора фаза на започнатиот проектот со отворање на „Бункарт 2“ во музејски простор во центарот на Тирана. Фокусот на „Бункарт 2“ е ставен на заштита на колективната меморија и пресликување на комунистичкиот режим, вклучувајќи ги ужасите од режимот кои длабоко оставиле печат од едно време од минатиот век.
Содржината од „Бункарт 1“ е посветена на историјата на албанската комунистичка армија и секојдневниот живот на Албанците за време на режимот низ годините од минатиот век. „Бункарт 2“ ја реконструира историјата



на Министерството за внатрешни работи на Албанија во период од 1912 до 1991 година, длабоко исполитизираната полиција што служела како остро оружје за прогон, а во него е прикажана првата голема видеомузејска изложба посветена на жртвите на теророт на комунизмот.
Просториите на „Бункарт 1“ се уредени во рамките на неколку историски музејски изложби. Така се издвојува историската изложба за: периодот на црвена Албанија; Албанија пред фашистичка Италија; Албанија под германска инвазија; воена дипломатија; периодот после војната (надежи и разочарување); собраниска сала-амфитеатар; албанска кафетерија/чајџилница. Музејска изложба: простории за престој на Енвер Хоџа; простории за престој на Мехмед Шеху; простории за престој на началникот на Генералштабот; офицерски соби; интеркомуникациски музејски дел; простор со историјатот на бункерите во Албанија. Артистички инсталации со звучни ефекти: соба за деконтаминација; ехото на војната; граничниот ѕид со гола жица; холот на бункерите. Кога се наоѓате внатре, преминувате од една во друга просторија, всушност го чуствувате времето од тој период на минатиот век и не можете да останете рамнодушни на она што се случувало за време на режимот на комунизмот во Албанија.
Од историјата на овој период на соседна Албанија, која е прикажана преку слики и инсталации во „Бункарт 1“, ќе ги спомнеме пропагандата и насилството како темна страна на режимот. Тоа се двата главни столба на инсталираниот режим на комунизмот непосредно после ослободување на Албанија, во период од 1945 до 1990 година. Пропагандата била користена како алатка за глорифицирање на достигнувањата на режимот, да ги оправда своите политики, а пред сè да го подигне култот на поединецот на комунистичките водачи, особено Енвер Хоџа. Вториот столб било насилството. Тоа е институционализирано со збир на закони кои ги прекршиле правата на секој поединец и системот на затвори и





бункери односно концентрациони логори распространети низ целата земја. Истовремено биле создавани некои специјални судови за да се судат соработниците на напаѓачите и учесниците на „реакционерните“ организации, а освен тоа биле презимани и други мерки кои го покажуваат трендот на режимот да го потисне секој политички противник. Во контекст на наведеното и тоа дека била потребна екстремна политичка и социјална униформираност на режимот е кампањата против религиозните верувања и практики, која започнала во 1967 година. Во почетокот од режимот биле опфатени само понасилни политички противници, а подоцна станал застрашувачки дури и за некои комунистички лидери. Исто така маркантни се годините на почетокот после ослободувањето. Тоа е режимот предводен од Енвер Хоџа кој поставил амбициозни цели на полето на еономијата со давање голема важност на индустријализација, застапеност на тешка индустрија и енергетика, образовниот систем, културата и развој на земјата, посебно во делот на инфраструктурата, вклучувајќи изградба на патишта и железнички сообраќај. Во смисла на економска политика, режимот се потпирал на централизација и планирање, според советскиот модел. Акцент бил ставен и на земјоделската политика која што имала за цел да спроведува колективизација на фармите а подоцна и добитокот. Државата се обидела да го зајакне јавниот сектор во областа на земјоделството. Меѓутоа во првите децении по ослободувањето, земјата имала релативен развој во макроекономски план, но и во општото ниво на живеење на населението, така што економијата отишла во фаза на стагнација, а завршила во длабока економска криза. Покрај неуспехот на економската политика, кризата бела предизвикана од екстремната меѓународна изолација на земјата. И покрај така воспоставениот режим, било посветено посебно внимание на образовниот систем преку преземање на одредени реформи, а со цел отстранување на неписменоста бидејќи населението повеќе од 80% било неписмено. Првите чекори во областа на образованието биле воведување курсеви за описменување кои се шират насекаде во секој дел од Албанија и тогаш поголем дел од населението научило да чита и пишува.

Во 1955 година било јавно објавено дека во Албанија е ликвидирана неписменост до 40 години иако врз основа на архивските податоци било докажано дека еден дел од популацијата не успеала да биде писмена, особено на постара возраст. Посебно доминантно во социјалната политика на комунистичкиот режим било вклучувањето на жените во политичкиот, економскиот и општествениот живот. Процесот на еманципација на жените бил поврзан со распуштањето на традиционалните општествени структури, особено во северниот дел на земјата.

Антониела Станковска Будимир






# Интеграција на заедничката безбедносна и одбранбена политика на ЕУ (CSDP) со НАТО

За повеќето земји што учествуваат во ЕУ, ова е нова област на дискусија, бидејќи досега секогаш беше случај на прашања од одбраната да се решаваат во рамките на НАТО и во соработка со САД. Иако постои безбедносна дилема пред ЕУ, во глобално опкружување во кое се зголемува меѓународниот тероризам, дали нејзините напори да се концентрираат на зачувување на рамнотежата на моќта со САД или, пак, треба да се концентрира на справување заедно со САД и под чадорот на НАТО, со тероризмот кој денес им се заканува на многу земји во Европа? Новата безбедносна ситуација по крајот на Студената војна беше главната причина за присуството на Алијансата, бидејќи нејзиниот главен ривал – Варшавскиот пакт, се распадна и престана да постои како реална закана/причина за постоењето на НАТО-воениот сојуз. Дотогаш, нејзината идна важност станала дискутабилна и многумина побрзаа да го потврдат тоа како застарено поради промените на структурата на заканата. Затоа, проблемот за Алијансата

> Европската соработка постепено еволуираше низ долг период преку процесот на европска интеграција. Тоа не се само политички, правни, економски, социјални и културни процеси туку, исто така, процес на развивање на политики за колективна одбрана и безбедносни прашања за земјите-членки на Европската унија (ЕУ)

беше неговата улога во глобалната арена која беше сигурна по Студената војна. Можно е да постојат неколку причини кои можеби ја водеа Алијансата кон нејзиното намалување. Важни се односите меѓу САД и ЕУ, кои секогаш биле под мали или понекогаш дури и големи тензии. Но, дали такви прашања навистина можат да ја водат Алијансата кон истекот? Вистината е дека практично никој не верува дека односите треба да продолжат како што изгледаат денес, или дека трансатлантската соработка треба целосно да се напушти.

Напротив, повеќето сојузници би сакале да продолжат да постојат, но на нова основа. Сепак, продолжувањето на соработката меѓу САД и ЕУ во НАТО, точно зависи од тоа како ќе се оформи во иднина. Ставот на европските сојузници на НАТО е во фокусна точка, бидејќи тие сакаат нов и подлабок вид на однос што е повеќе од соработка. Дали тие навистина сакаат Алијансата да продолжи да постои во посилни врски со ЕУ или тие многу повеќе би ги развиле своите воени способности преку процесот на европска интеграција или поточно, преку Заедничката безбедносна и одбранбена политика (CSDP)? Она што започна како политичко и економско, а во некои случаи дури и социјална и културна интеграција на европските држави, сега може да доведе и во одбранбена интеграција. Првичниот процес со кој суверените држави го напуштаат својот

национален суверенитет и ги предаваат суверените прерогативи во рамките на една меѓународна институција за да ја максимизираат својата колективна моќ и интереси, навистина го зголеми апетитот на европските сојузници за марширање во автономна насока. Но, дали ЕУ може да ја постигне оваа цел? Дали ова може да биде потенцијална разумна цел за ЕУ? Она што мора да се каже овде е дека подемот на ЕУ како поефективна сила е сигурен и ова е нешто што треба да се земе предвид при испитувањето на европската интеграција со НАТО.
Одлуката на ЕУ за започнување на Европската безбедносна и одбранбена политика (ESDP) во декември 1999 година, надвор од институционалната рамка на Северноатлантската алијанса, ги предупредила обединетите држави на можноста за потенцијално „одвојување“ на ЕУ од трансатлантската безбедносна структура. Оттука, американската администрација се заложи за институционализација на односите ЕУ – НАТО преку кои САД се надеваа дека ќе можат да имаат одреден степен на контрола врз развојот на ESDP и да обезбедат дека ЕУ нема да ја поткопа позицијата на НАТО како клучна воена организација во Европа.
Сепак, за ЕУ, пристапот до воеността искуство, експертизата и ресурсите на НАТО обезбеди важен капацитет, бидејќи нејзината ESDP сѐ уште била „во процес на изработка“. Освен тоа, активностите на НАТО како ефективна „воена организација“ ќе обезбедат уште една корист за ЕУ кога ќе соработуваат со НАТО во одбранбениот аспект. Всушност, иако димензијата на ESDP во ЕУ уште еднаш го принуди НАТО повторно да размислува за сопствената позиција во однос на потенцијалниот нов организациски ривал во управувањето со воените кризи, НАТО, сепак, ја презеде улогата на „воен консултант“, функционирајќи како модел и активен асистент за институционално зајакнување на институциите на ESDP во ЕУ.
ЕУ се стреми кон стратешка автономија и ова ќе има ефект да им се дозволи на САД да ги фокусираат своите активности на различни и поитни региони во светот. Но, по две децении напори, CSDP не успеа да обезбеди автономија. НАТО мораше да биде повикано за лидерство за време на кризата во Либија во 2011 година, а новата безбедносна закана од Русија го врати НАТО цврсто во Европа. Во практика, ЕУ се наоѓа повторно зависна од НАТО за својата колективна одбрана, па дури и за нејзината колективна безбедност.

## Интеракција помеѓу CSDP и NATO

Од состанокот на Европскиот совет на ЕУ во декември 2013 година во врска со CSDP, во рамките на безбедносната заедница има делумен договор дека поголема соработка и комплементарност помеѓу ЕУ и НАТО е итна и неопходна. Но, за што точно се повикаа на ова? Самите документи се исклучително нејасни во овој поглед. Глобалната стратегија на Европската унија (EUGS) се однесува на НАТО на многу аспекти. Тоа главно се однесува на продлабочување на трансатлантската врска и партнерство со НАТО и тесна соработка со партнерите, почнувајќи од НАТО. Специфичните кооперативни проекти вклучуваат сајбер-закани, реформи во безбедносниот сектор, градење на капацитети, зајакнување на издржливоста меѓу соседните држави, глобално владеење, поморска безбедност, паралелни и синхронизирани вежби и хибридна војна. Истата листа на кооперативни проекти може да се најде во Заедничката декларација на ЕУ и НАТО од 8 јули 2016 година. Како може ова инсистирање на соработката и комплементарноста да се конектира со аспирацијата кон стратешка автономија?
Ова е она што Глобалната стратегија на ЕУ-EUGS вели: „Кога станува збор за колективната одбрана, НАТО останува примарна рамка за повеќето земји-членки. Во исто време, односите ЕУ – НАТО нема да ја нарушат безбедносната и одбранбената политика на оние членки кои не се во НАТО. Затоа, ЕУ ќе ја продлабочи соработката со Северноатлантската алијанса во комплементарност, синергија и целосно почитување на институционалната рамка, инклузивноста и автономијата на донесување одлуки на двете“ [3] .
Со други зборови, како различни ентитети, со малку различни членови и со различни цели, двете мора да живеат и да се почитуваат едни со други. Ова е во голема мера легалистички аргумент (двата се навистина различни правни субјекти), но оној со јасно значителни политички конотации (нивните политики и активности во областа на безбедноста и одбраната во голема мера се преклопуваат). Во повеќето главни изјави, додека НАТО останува главен актер во европската колективна одбрана, ЕУ треба да може да придонесе посуштински кон таа цел и да преземе цврсти мисии во кои САД немаат интерес. Очигледна импликација овде е дека ЕУ (преку ЗБПП) има цел да стане воен актер споредлив со НАТО, сѐ додека не ја поткопува или не ја доведува во прашање нејзината надмоќ.

д-р Александар Петровски








Средба со **Благоја Марковски**, полковник во пензија и доктор по военополитички науки

# Македонија во НАТО е најбезбедна




**Господине Марковски, за Вас пензионирањето како да означи почеток на уште поголема активност поврзана со безбедносните проблеми во нашата земја и пошироко. Всушност, што е тоа што ве иницираше да формирате граѓанско здружение „Балкански форум за безбедност“, иако можевте својата грижа и укажувања за безбедноста да ги презентирате низ дејствувањето на Здружението на ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста, каде сè уште сте еден од поистакнатите активисти?**
– Пензионирањето не треба да значи и крај на активностите со кои личноста давала придонес во областа на своето дејствување, особено ако за тоа чувствува и физичка и интелектуална кондиција. Така се чувствував и јас и одлучив својата активност да ја продолжам и да дадам придонес во

сферата за која сметав дека имам и знаење и практично искуство. Притоа имав и силна поддршка од дел на моите пријатели и познаници, па така со 19 македонски осведочени авторитети (9 доктори на науки, 2 магистри, 4 уредници-новинари, 3 експерти и 1 стопанственик) заеднички дојдовме до осмислување и реализација на идејата да го формираме здружението „Балкански форум за безбедност“, како невладина организација со која се одваживме своите индивидуални способности и лични одговорности, како и способностите за тимска – колективна работа да ги ставиме во функција на несебично и сестрано интелектуално и практично делување во областа на изградбата на вредностите на безбедноста. Се разбира дека мојата лична активност можев да ја презентирам и низ дејствувањето во рамките на Здружението на ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста но тоа не ми беше доволно со оглед на моите идеи за натамошно ангажирање и активност. Имено, Здружението на ветерани и резервисти од одбраната и безбедноста претставува нераскинлива врска со припадниците на армијата и полицијата и овозможува правна помош на членството во врска со нивните статусни прашања. Здружението „Балкански форум за безбедност“, со кое раководам и денес, има цел низ отворени дебати, идеи, опции и конкретни плански активности да ги афирмира вредностите на безбедноста и да посочува на најефективните можни методи во изградбата на безбедна воено-политичка средина на просторот на нашата земја и во регионот. Од тој аспект, „Балкански форум за безбедност“ развива научна и општествена теориско-емпириска дејност во сферата на безбедноста, управувањето со кризи и промовирањето на вредностите на мирот и мирољубивото решавање на конфликти на територијата на Р.С. Македонија, Балканот, Југоисточна Европа и светот, заснована на експертски истражувања, анализи и согледувања. Во решавањето на прашањата изградува пристап со исклучително стручна компонента, а соработката со домашните и странските субјекти е заснована врз принципот на заедничка корисност и реципрочност, во функција на остварување на нашите аспирации за членство во евроатлантските интеграции и ЕУ и во контекст на изградба на меѓусебна доверба и зацврстување на мирот и стабилноста на сите земји и народи од регионот и пошироко.

Благоја Марковски има завршено Воздухопловно-техничка воена академија во Сараево и Школа за воено-социолошки и психолошки студии и истражувања во Белград. Во 2003 година завршува Генералштабна академија во Софија, Бугарија, каде во јули 2005 година одбранува докторска дисертација и станува доктор по воено-политички науки. Тој е еден од основачите на Службата за односи со јавноста во МО и во АРМ, каде бил на раководни функции. Во тој период бил портпарол на АРМ и МО и советник на министерот за одбрана за воено-политички прашања. Претседател е на граѓанското здружение „Балкански форум за безбедност“, чија сфера на интерес се теоретско-емпириските согледувања и анализи на политичко-безбедносните проблеми во Македонија и во регионот на Југоисточна Европа

**Како аналитичар и безбедносен експерт многу пати дававте мислења и препораки поврзани со турбулентните движења и ги анализиравте причините за поделеноста на македонските граѓани главно поврзана со неисправните политики на позициските и опозициските структури. Дали некој ги земал предвид вашите укажувања и направил нешто позитивно?**

– Ниедна дејност не може да биде цел сама за себе. Во тој контекст и мојата активност и дејноста на „Балканскиот форум за безбедност“ својата целисходност ја имаат, по сестраната анализа и согледувања за одредени состојби, да се извлечат заклучоци и да се дадат препораки за можни ефективни решенија. Притоа треба да се биде и реален во очекувањата за одреден фидбек бидејќи институциите можат но немаат обврска да ги прифатат препораките. Тоа е можно и од причини што институциите располагаат и со поконкретни информации и што во нивните планови за работа треба да постои редослед на преземање на мерки и активности за кои ние - јавноста, не секогаш имаме и трпение и доволно разбирање. Сепак, од она што било дадено како објективна критика и реална препорака, колку и да биле моите очекувања поголеми, сметам дека придонесував и дека одредени препораки беа прифаќани и уважувани. Во минатото дури имаше и ситуации кога за одреден проблем бев повикуван да го дадам своето мислење и по проблемот и по неговото решавање, па и да учествувам во решението.

**Во предизборната кампања за претседател на РСМ имаше судир на два концепта застапувани од двете најголеми партии со нивните коалиции. Еден концепт беше поврзан со давањето поддршка на Преспанскиот договор со Грција и зачленувањето на РСМ во НАТО? Какво е Вашето мислење од аспект на безбедноста на земјата со влегувањето во Алијансата?**

– Имајќи ги предвид настаните од осамостојувањето до Преспанскиот договор, нашата земја често беше ставана пред сериозен испит. За тоа придонесуваа и некои избрзани но и дискутабилни и проблематични постапки и однесувања на политичките раководства на земјата, особено во последните десетина години. Така земјата се најде во состојба на избор: остварување на аспирациите за членство во ЕУ и НАТО и со тоа создавање услови за натамошен развој и просперитет или тврдокорно опстојување на позиции кои водат кон изолација и застој. Друг избор, реално, не постои. Притоа, причините за ова не се само надворешни туку последица на внатрешните политики. Од аспект на тоа што Р.С. Македонија има јасни и недвосмислени аспирации за развој и остварување на својот безбедносно-одбранбен систем во рамките на НАТО, нејзиното полноправно членство претставува заокружување во таа насока со придобивки не само на безбедносен и одбранбен план туку и во сите други сфери на животот на нашите граѓани. Јас сум убеден дека нашата земја на Самитот на НАТО во декември во Лондон ќе настапи како полноправна членка. Тоа ќе биде резултат на она што значи постигнување во однос на



стандардите, но и награда и признание во однос на периодот во кој се ратификувани протоколите на земјите-членки на НАТО за пристапување на нашата земја во овој безбедносно-одбранбен систем.

**На нашиов простор се судираат интересите на големите сили, посебно на САД и Русија. Дали потпишувањето на протоколот за пристапување на нашата земја во Алијансата ќе „дотури масло на огнот“ и ќе ги влоши односите на суперсилите со опасност за загрозување на безбедноста на нашата земја?**

– Без оглед на геостратегиската и геополитичката позиција на регионот и просторот на Р.С. Македонија не треба да се очекува битна промена во односите и интересите на големите сили. Целта на членството на нашата земја во НАТО не треба да се разбере како ново заострување на меѓународните односи туку како придонес во зајакнувањето и заокружувањето на безбедноста не само во нашата земја туку и во регионот. Р.С. Македонија и до сега се има потврдено како земја која дава придонес во развојот на мирот дури и на глобално ниво и никој не може да бара промена на надворешната политика и по нејзиното членство во НАТО. Од друга страна, членството во НАТО не претставува пречка за развојот на билатералните односи на Р.С. Македонија со други земји во рамките на НАТО или надвор од него. Споделувањето, пак, на вредностите на НАТО ќе претставува степен повеќе во обезбедувањето на безбедноста на нашата земја.

**Постои ли опасност од загрозување на нашата безбедност од асиметрични дејствувања и создавање кризни жаришта, земајќи ги предвид и миграциските движења?**

– Од денешен аспект, опасноста од загрозување на безбедноста од асиметрични закани и дејствувања е реална за која било средина и земја. Во која мерка ќе биде успешноста во справувањето со нив зависи од многу фактори и состојби. Но едно е сигурно, овие закани предизвикуваат сериозни последици, а методите на нивното дејствување се и разновидни и во технолошка смисла современи. Оттука, во справувањето со нив и најсовремените безбедносни системи се ставени пред сериозни предизвици. Ретко која земја, без соработка со безбедносните системи на соседството и пошироко, може потполно успешно да се справува со истите. Во превентивна смисла од особено значење е размената на безбедносни информации. Со членството во НАТО Р.С. Македонија ја добива можноста да ги споделува ваквите безбедносни информации и тоа позитивно да делува и во подготовките и во реализацијата на мерките и активностите за справување и елеминирање на асиметричните закани и дејствувања.

**Армијата на РСМ многу одамна ги исполни сите услови за да може да**



**парира и да учествува во мисиите на НАТО, истовремено извршувајќи ги домашните одбранбени задачи. Од оваа дистанца, какво е Вашето видување на состојбите поврзани со предизвиците и подготвеноста на АРМ за членство во НАТО?**

– Точно е дека Р.С. Македонија, како членка на „Партнерство за мир", но и со својата ориентација да „произведува" мир е признат партнер преку активностите и подготвеноста на нашата армија во стабилизацијата на состојбите и враќањето на мирот ширум светот. И тоа не само во рамките на мисиите на НАТО туку и на мисии под ингеренции на ООН и ЕУ. Како поранешен припадник на Армијата ја сум горд што нашите старешини и војници овие активности ги реализираат на највисоко професионално и стручно ниво, повисоко дури и од нивото на нивната опременост. И токму тоа ѝ недостига на нашата армија – побрзо темпо во осовременувањето на опременоста со што ќе се постигне и поголема ефикасност во реализацијата на задачите но и поголема лична сигурност и безбедност. Војникот кој е сигурен во својата лична опрема и кој може да смета на безбедно извлекување од која и да е сложена борбена ситуација во извршувањето на задачите дава поголеми резултати. А тоа, покрај со обуката, може да се постигне и со современата опрема и средства. Армијата е скап инструмент, ама слободата, мирот и стабилноста се најдрагоцени тогаш кога ги нема.

**Познат сте како аналитичар кој јавно ги критикува и највисоките функционери без исклучок укажувајќи на недостатоците и упатувајќи им остри забелешки? Од каде произлегува таа ваша храброст и дали сте имале можеби некои непријатни ситуации заради тоа?**

– Јас тоа би го дефинирал како принципиелност, а не храброст. Од мали нозе сум воспитуван во духот на принципиелноста. Голата лојалност, особено кон одредена личност, не е спојва со мојот начин на размислување и делување. Самата принципиелност во себе ја содржи и лојалноста, ако тоа се однесува на недевијантно однесување во остварувањето на поставените цели и реализацијата на задачите. Издржаните критики не можат да причинат закана бидејќи истата нема противоснова за одбрана. Веројатно и затоа не сум имал закани од меродавните кои сум ги критикувал. Напротив, имаше случаи кога по одредени мои критики доаѓаше до определена промена на состојбата заради која била упатена критиката.



**„Балканскиот форум за безбедност" како да Ви е мал простор за дејствување, па инициравте и формиравте Асоцијација на здруженија од сферата на безбедноста, одбраната и меѓународните односи. Всушност, што повеќе ќе постигнете со ова здружување и на кои простори (или проблеми) повеќе ќе се фокусирате?**

– Имајќи ги предвид интелектуалните и искуствените капацитети и можностите за натамошно проширување на соработката, 8 здруженија на граѓани чиј делокруг на интерес и дејствување се безбедноста, одбраната и меѓународните односи, на 28.06.2018 година во Скопје, со потпишување Меморандум за соработка ја афирмираа идејата и ја создадоа Асоцијацијата на здруженија од сферата на безбедноста, одбраната и меѓународните односи. Станува збор за постојана форма, рамка и начин на реализирање на соработката и заедничките активности на партнерите со цел поддршка и развој на научната и стручната теориско-емпириска дејност во сферата на безбедноста, одбраната и меѓународните односи.

**Знам дека сте преокупиран со општествените активности, па ме интересира од каде таков ентузијазам за тоа? Каква сатисфакција е тоа и дали пензионерот Марковски има време за одмор и уживање во некакво свое хоби?**

– Ме исполнува тоа што се уште физички и интелектуелно можам да давам придонес во сферата на безбедноста и одбраната која е делокруг на мојот интерес. За мене е доволна сатисфакција тоа што со моите соработници добиваме одредени признанија и што имаме поддршка во она што го работиме. Сепак, не заборавам дека доаѓаат и помлади генерации и дека искуството треба да им се пренесе на нив, вклучително и можноста да раководат. Што се однесува до одморот, ако промислено се распредели времето, реално е да го има. Кога сакам малку да „избегам" од секојдневните активности, се препуштам на мојата пасија во одгледување цвеќиња на семејниот плац во околината на Скопје. Ме разнежува посетата на моите две внуки, а особено кога се заедно, затоа што постарата внука со семејството на ќерка ми живеат во Англија. Тогаш внука ми од семејството на син ми и јас сме добри ученици на „европската" внука. Со нив и јас станувам дете и тоа чувство им го посакувам на сите.

Мендо Димовски





# Мозаици на хартија од ориз и синапово семе

Снежана Лазарова-Луна исклучиво работи со семе од животодатен бел ориз и библиско црно синапово семе кои ги спојува со својата оригинална, иновативна технологија наречена „Луна“. Таа од две дијаметрално спротивни бои со истражување и усовршување доби три нијанси со кои успеа да создаде хормонизирани и несекојдневни совршени дела со различни мотиви и циклуси. Техниката ја усовршува десет години и е единствена која изработува вакви дела во земјава и пошироко. Таа има изработено 80-тина дела од кои повеќето се циклуси. Најдолго, односно две години ја изработувала „Тајната вечера со Исус Христос“, а за само 12 часа рекордно го изработила грбот на Општина Градско. Инаку, во просек, делата од формат А-4 ги изработува за три до четири месеци. Досега се има претставено на седум самостојни изложби, а во меѓувреме подготвува нови дела и работи на нова изложба и нови претставувања во земјава и во странство.

Еден од нејзините двајца синови работи во АРМ и се надева дека по ова нејзино претставување во „Штит“ наскоро ќе биде поканета да реализира и своја самостојна изложба во Домот на АРМ во Скопје, што е нејзина дамнешна желба.

Снежана Лазарова-Луна е родена во Велес. Уште од раната младост ја сака поезијата и уште како ученик со своја поезија учествува во рамките на програмата на Струшките вечери на поезијата. Подоцна низ животот кај неа надвладува ликовната уметност каде се пронаоѓа и се реализира себеси на уникатен начин. Како создавач на техниката „Луна“, Снежана е присутна

на повеќе национални и локални електронски и пишани медиуми. Учествувала на повеќе групни изложби „Иноватор 2012“, „Балканска колонија на креации 2015 и 2016“, „БИТ ФЕСТ“, ресенската колонија „Јаболкобер Ресен 2018“. Во текот на своето творештво од 2010 година до денес, Снежана тивко, но сè поуспешно и попрепознатливо со својата иновативна тејника „Луна“ се претставува во повеќе градови. Досега имала седум самостојни изложби. Првата е во Велес 2012 г., втората исто во Велес во 2014 година, потоа и во Валандово во 2014 г., во Кочани 2015, во Виница 2016, во Струмица 2018 година и последната насловена како „По делата ќе ме препознаеш“ била на 15 декември 2018 г. во Градско по повод 16 декември, денот на општината.

**За љубовта кон уметноста**

– Во детството, кое ми беше весело, радосно и безгрижно, во некој дел од мене се разбуди желба за искажување на поинаков начин – авангардно и оригинално. Првите идеи ми се појавуваат во стихови. Мислам дека тоа е и вообичаено да се почне со стихови, потоа проза, па цртање, сликање, пеење. Започнав да се натпреварувам со своите стихови во второ-трето одделение со врсниците помеѓу одделенијата, потоа помеѓу училиштата, и на крај меѓу градовите. Така, со поезијата се занимавав некаде до мојата матура, а мојата поезија се издаваше во детски и младински списанија во Македонија и во тогашната СФРЈ. За некои од тие мои песни имам освоено и високи награди, а една од најдрагите на ниво на Републиката ми е освоената прва награда за поезија за која добив комплет книги и една убава книга со посвета, како и покана да учествувам на Струшките вечери на поезијата, што за мене беше голема радост – се присетува Снежана.
Таа во четвртто одделение имала врвен професор по уметност и одличен педагог, Васил Артинов. „Тој, од неговата душа, преку уметноста која ни ја предаваше внимателно и со голема посветеност на часовите по ликовно, ни даруваше дел од себе, што кај мене го разбуди талентот да започнам да се изразувам преку ликовната уметност. Ние како ученици одевме во природа, избиравме камчиња, а потоа изработувавме мозаици. Оттука потекнуваат и моите први корени и љубовта кон мозаикот“.

**За техниката „Луна“**

– Техниката „Луна“ е од редот на мозаиците, но овојпат со семиња. За да се создаде вакво дело најпрво треба да се обработи подлогата, да се исцрта детаљно со молив, а потоа се лепи со лепак со две дрвени чепкалки, внимателно и трпеливо, зрно по зрно. Сè додека не го изработам замисленото дело работам со часови, денови, месеци, па и години. Цели две години работев на „Тајната вечера“.
Да појаснам, како што пишува во „Википедиа“, оризот се користи за храна, а и синапот се користи за храна, но јас тоа го збогатувам на тој начин што од ориз и од синап јас правам уметност. Јас сум единствената во земјава и пошироко со оваа моја иновативна техника „Луна“ – појаснува Снежана. Таа се потсетува дека додека изработувале мозаици професорот Артинов им покажал слики со семиња како грав, леќа, репка, но биле големи и несоодветни, па имало празни површини. Затоа тие додавале материјали-парталчиња и гранчиња, па правеле некакво уметничко дело. Таа појаснува дека таму и се корените за уметност, но за да биде вака успешно и софистицирано, основната идеја ѝ била да го претставува животот, кој е составен од негативности и позитивности.
– Белите зрна од ориз и црните зрна синапови се дијаметрално спротивни, но пораката преку нив е доколку и во животот имаме трпение и употребиме хармонија и љубов, ќе добиеме хармонична животна приказна, а во уметноста хармонично уметничко дело. Поради тоа што имаме две дијаметрално спротивни бои, јас со веќе децениско истражување и усовршување на технологијата, успеав да добијам две до три сиви нијанси кои ја надополнуваат хармонијата на едно дело, ни појаснува Снежана, горда на својата иновативна и оригинална техника „Луна“. Таа потенцира дека во оваа техника не се користи друго семе ниту боја и не се надополнува со други материјали. Но, таа, годинава во техниката „Луна “ по долго размислување сепак одлучила да внесе и трето семе, а тоа е златно-жолтото семе од просо. Тоа семе како зрак жолта светлина ги разубавува и им дава светлина на нејзините најнови слики од најновиот циклус кој ексклузивно за прв пат им го претставува на читателите на „Штит“. Со овие слики таа наскоро треба да се претстави и на својата осма самостојна изложба.

Снежана Лазарова-Луна е самоук оригинален уметник и е единствена во земјава и пошироко која изработува уникатни мозаици на хартија од ориз и синапово зрно



**За првата изработена слика**

– Убаво се сеќавам дека првата слика, „Стара велешка архитектура“, ја изработив и беше готова на 16 април 2010 година, а ја започнав кон крајот на јануари и почетокот на февруари истата година. Тоа дело го направив по примерот на една слика „Стара велешка архитектура“, изработена со сламки од мојот покоен сопруг, а таа куќа на сликата уште постои. Јас ја изработив во мојата техника „Луна“, а како за прво дело бев задоволна од изработката. Потоа ја усовршував техниката и дополнував мотиви, повеќе детали, па одев на зголемување на форматите на моите дела. Потоа како вулкански порив во мене едно по едно се редеа нови дела. Со денови и ноќи седев и трпеливо работев за да ги дочекам завршните потези и да ги видам готови моите дела, појаснува Снежана.
При изработката на икони таа потенцира дека се држи до деталите и строго до правилата, затоа што во спротивно таа икона не би била икона и не може да биде призната како таква, туку исклучиво како уметничка слика. Појаснува дека за сите дела најважно е да се подготви подлогата која се црта со мотив, се доловува мотивот и се дотерува до фотографски детали, а дури потоа може да се изработи. Нагласува дека иако подлогата е готова, треба да се има големо чувство за уметност за да се изработи дадена слика, а за лепење на семињата потребна е голема концентрација затоа што секое зрно си има свое место каде што треба да стои.Таа потенцира дека не може да има корекција на делото бидејќи семето се лепи со лепак за подлогата, а ако се вадат семиња делото може да се оштети. На крајот готовата слика



се премачкува за да се заштити. Таа имала неколку циклуси. Првиот циклус слики е Старата велешка архитектура со Спомен-куќата на Кочо Солев-Рацин, куќата што лебди, куќата на Јордан Хаџи Константинов-Џинот, куќата на Варналиите и други убави стари велешки куќи, а ја има и големата љубов на Рацин, Ленка. Потоа преминала на слики со сакрални објекти со некои од црквите, па Калето во Скопје, Камениот мост, па пејсажи како Кањонот на Пешти на реката Бабуна, Скршен мост кај Демир Капија, „Портал", идеален мост-круг што се огледува во вода. Потоа мозаикот во крстилницата на Епископската базилика Стоби, галички куќи,чешмата „Утопија" каде започнуваат обичаите на галичката свадба. Има и циклус со жетвари и зрно леб. Од иконите ги има Пресвета Богородица во три претстави, уплакана Марија, Св. Богородица Тричарица, Св. Никола, Св. Ѓорѓија Победоносец, отсекувањето на главата на Св. Јован Крстител, Св. Трифун, Св. Петка, Св. Марија Магдалена и „Тајната вечера" составена од осум слики на кои работела цели две години.
Таа има изработено и циклуси „Вера, љубов и надеж", циклус „Тешкото", а има и циклус со засега четири слики на Тоше Проески за коишто сака да има и изложба за неговиот роденден во Крушево. Неодамна ја изработи и Црната џамија која се наоѓа во стариот Велес,а која таа секојдневно ја гледа од својата куќа која исто така се наоѓа во стариот дел на Велес каде што има и многу други стари куќи со убава стара велешка архитектура.

**За користењето на жолтото семе од просо**
Таа појаснува дека секој уметник без разлика на уметноста си го надградува своето творештво.
– Долго размислував кое семе да го внесам и повторно се навратив на Бог и како што тој е светлина, сонце и љубов, и јас побарав дел од Бог да внесам во моите дела. Јас, сонцето, светлината и љубовта ја внесов преку преку семото на просото, бидејќи има чиста златно-жолта боја која е бојата на светлината и сонцето, а за мене и бојата на љубовта е жолта, а црвената е боја на страста, појаснува Снежана.
Во овој нов циклус посветен на семејството или циклус „Мајка и дете", досега има изработено шестслики, а сега работи на седмата слика насловена како „Девојката со цветот". Една од своите слики насловена како „Таа", од овој циклус, веќе ја има и продадено.Во овој циклус има и дело мајка со дете, мајка и татко.



Потенцира дека најголемо изработено дело досега и е „Тајната вечера", каде го има и Исус Христос, но и дека има желба да го изработи и само ликот на Исус Христос.

**По делата ќе ме препознаеш**
Снежана Лазарова-Луна потсетува дека секој уметник се препознава по делата, па таа затоа и нејзината уметност не случајно така ја наслови.
Таа оценува дека оваа нејзина техника „Луна" е уште еден бисер во богатството на националната ризница и дека би сакала да ја презентира на што поголем дел од населението во земјава. Затоа во рамките на овој истоимен поголем проект прави напори во соработка со локалната власт, односно со градоначалниците, своите дела да им ги претстави на пошироката публика. Поради интересот кај учениците и нивната желба за создавање на ваква уметност Снежана веќе направила ликовни работилници. Нејзините дела можат да се најдат и на социјалните мрежи на фејсбук-страницата „По делата ќе ме препознаеш", а секој заинтересиран може по сопствено барање да нарача и свое дело.
Сосема за крај низ разговорот за „Штит" ни навести дека со некои свои дела ова лето веќе е поканета и планира да замине и да гостува во Турција.
Редакцијата на магазинот „Штит" ѝ посакува успешно лично претставување и достојно презентирање на македонската култура и уметност.
Воедно ѝ посакуваме многу наскоро да се претстави пред домашната публика со нејзина осма по ред самостојна изложба и реализирање на сите нејзини идеи, желби и планови.

Антоанела Димитриевска

# Државен натпревар

На 1 јуни, на стрелиштето „Долно Оризари“ се одржа натпревар во гаѓање со пиштол 7,62мм. На гаѓањето учествуваа 120 резервни офицери и подофицери од 22 ООЕ на ОРОРМ, како и екипи на МО, Командата на резервните сили, Институтот за безбедност, одбрана и мир и Здружението на ШРО на родот пешадија. На учесниците им се обрати претседавачот на Собранието на ОРОРМ, резервниот капетан Љупчо Вуксанов, кој притоа го нагласи придонесот на ОРОРМ во јакнењето на одбранбениот систем, соработката со МО и ГШ, како и актуелните реформски процеси во организациско-кадровската поставеност и програмските определби во едукацијата и обуката на членството. Поздравно обраќање до учесниците имаше и претставникот на Командата на РС полковник Неџат Лимани. Потоа, раководителот на натпреварот, поручник Зоран Темов од КОД ги запозна со безбедносните мерки на стрелиштето, како и со неопходните постапки при гаѓањето, како предуслов за остварување добри резултати. За најдобри екипи беа прогласени: Кичево (1.место), Крива Паланка(2.место) и Охрид (3.место). Поединечно, најдобри беа: Зоран Мирчевски од Кичево со 44 погодоци), Живко Ѓорѓиоски од Кичево со 43 погодоци), а Јован Јовановски (Радовиш), Веселин Стојановски (Крива Паланка) и Горан Кофиловски (Македонски Брод) со освоени 40 погодоци, го поделија третото место. Меѓу 6. претставнички од понежниот пол, најдобра беше студентката од Институтот за безбедност, одбрана и мир, Марија Давчевска која освои 40 погодоци. На најдобрите екипи и поединци им беа врачени посебни признанија, а еднодневното дружење заврши со заеднички ручек во касарната „Алеска Демниевски-Бауман“ во Велес. За успешното реализирање на овој натпревар значаен е и придонесот на домаќинот – ИО на ООЕ на ОРОРМ Велес.



# Размена на меѓународни искуства

Од 24 до 26 мај во Полче, Р.Словенија, се оствари работен договор на Асоцијацијата на резервните офицери „ГАМИНГЕР-иницијатива“ која претставува регионална средноевропска платформа фокусирана на важни прашања во европската безбедносна политика и воените односи. ОРОРМ на оваа значајна меѓународна активност ја претставуваа: Љупчо Вуксанов, претседавач на Собранието на ОРОРМ и д-р Гоце Георгиев, член на Работното тело задолжено за спроведување реформи во Организацијата. Основната тема за разговор на овој меѓународен собир на кој учествуваа претставници на 11 членки на „ГАМИНГЕР-иницијатива“ (Германија, Швајцарија, Италија. Хрватска, Унгарија, Чешка, Словенија, Словачка, Австрија, Полска и Македонија), беше „Улогата на асоцијациите на резервните офицери во процесот на регрутирањето и обуката на резервните сили“.
Според програмата, членките на „ГАМИНГЕР-иницијативата“ настапија со актуелни теми по сопствен избор. Претставникот на ОРОРМ, д-р Гоце Георгиев, ја презентираше темата „Нов Концепт на резервните сили на Р.Северна Македонија“ која со внимание беше проследена од учесниците.
Посебен интерес предизвика темата на Р.Словенија за нивните искуства во ридско-планинското војување.Поголем број од другите учесници презентираа теми од областа на кибернетичкото војување. „Учеството на работниот договор на ГАМИНГЕР-иницијативата во Полче претставува уште една активност на меѓународен план, каде што, преку ОРОРМ, Република Северна Македонија уште повеќе се потврдува како сериозен партнер во градењето на глобалниот мир. Стекнатите искуства по споменатите теми на другите земји – учеснички, ќе му бидат целосно презентирани на МО“, ни изјави во краткиот разговор Љупчо Вуксанов.



# Билатерална соработка

Билатералната соработка меѓу Организацијата на резервните офивцери на Р.Северна Македонија и Здружението на словенечките офицери, има долга традиција. Всушност, таа датира од 2002 година кога Здружението на словенечките офицери беше домаќин и организатор на меѓународниот семинар на тема „Резервните офицери-врска помеѓу цивилното општество и војската“, на кое, на покана на домаќинот, учествуваа и тројца претставници на ОВСРМ.



Како израз на меѓусебното почитување и вреднување, ОРОРМ, на предлог на здруженијата на резервните офицери на Словенија и Италија, во 2017 година стана рамноправна членка и на Средноевропската асоцијација „ГАМИНГЕР-иницијатива“, што претставува високо меѓународно признание.
На 23 мај, претставниците на ОРОРМ, Љупчо Вуксанов и д-р Гоце Георгиев, во својство на членови на Работното тело задолжено за реформи во Организацијата, во Полче, Р. Словенија остварија работна посета на Здружението на словенечките офицери со кое раководи резервниот генерал-потполковник Алојз Штајнер. Во разговорите беа разменети бројни искуства од нивното секојдневно ангажирање во одбраната, меѓу кои, доминираа прашањата за конкретнаата соработка со МО и ГШ на Словенечката војска, финансирањето, логистичката поддршка, унапредувањето во повисок чин и друго. Во оваа пригода, претставниците на ОРОРМ подетаљно ги информираа нивните колеги од Р. Словенија за текот на реформските процеси на ОРОРМ, кои се целосно поддржани од Министерството за одбрана на Р. Северна Македонија.

Живко Трајановски



# „Лична војна“

Ако сакаме да зборуваме за иконите на светското новинарство, оние кои бестрашно известувале да ја пренесат вистината и човечките судбини од воените зони на светот, да фрлат светло на конфликтите за кои постои информативен мрак, да дадат глас и значење на војни за кои светот сака да замижи, неизбежно е на таа листа да ја ставиме Мари Колман. Британска новинарка со американско потекло, бестрашен воен кореспондент, една од ретките жени во оваа професија, Колман повеќе од 25 години, до својата смрт, известувала од најопасните зони во светот: Шри Ланка, Газа, Чеченија, Косово, Сиера Леоне, Зимбабве, Арапската пролет... Приказната за нејзината лична борба да се биде воен известувач, предизвиците и опасностите од истата, се опишани во филмот „Лична војна“ на режисерот Метју Хајнман.

Ликот на Мари, оживеан на големото платно од актерката Розамунд Пајк, е презентиран во еден потесен, фокусиран период од нејзината кариера, почнувајќи од известувањето од конфликтот во Шри Ланка, сè до нејзиното последно јавување од населбата Баба Амр во Хомс, Сирија, најголемото упориште на отпорот на сириската власт, период од околу 11 години.

## Кога ќе престанам да се грижам, тогаш ќе престанам да го правам ова

“Лична војна” е едно длабоко емотивно патување низ еден свет кој, за среќа, е непознат за нас и кој само може да го замислуваме. „Ти имаш видено повеќе од кој било војник кој бил на фронот“, ќе ѝ рече на Мари нејзиниот долгогодишен соработник, фоторепортерот и поранешен војник, Пол Конрој, кој е со неа и на последниот ден од нејзиниот живот. Но, токму тоа постојано живеење во оган, меѓу бомби, шрапнели и гранати, од една во друга војна, следејќи, истражувајќи и живејќи ги приказните на сите луѓе кои ги запознава таму и ги интервјуира за да ги раскаже нивните приказни, земаат голем данок врз нејзиното физичко и психичко здравје. Колман е нападната во Шри Ланка во 2001 година, додека известувала за огромна хуманитарна катастрофа, иако јасно и недвосмислено ги информирала напаѓачите дека е новинар со цел да го запрат огнот и оваа ситуација која за малку ќе ѝ го одземе животот ја остава слепа на едното око. Оттогаш Колман станува препознатлива по превезот на левото око кој го носи како беџ, медал за нејзиниот бунтовен дух и отпор. Иако соочувањето со ваква опасност, за многумина би значело некакво духовно будење и крај на кариерата, а истото сите го очекувале и од неа, причина, знак за повлекување,











Мари не може да го замисли нејзиниот живот без нејзиниот позив. А тоа е поморно од сè друго, чувството за некаква должност кон сите невини луѓе во светот кои се затекнати во нечии конфликти, цивили кои секој ден губат дел од себе, кои не се слушнати и се игнорирани од западниот свет, чии основни човекови права се одамна прегазени. Таа е нивниот глас и нивната надеж и токму таа улога Колман ја доживува многу лично. Ниедна опасност за неа не е поголема од поривот да ги раскаже приказните на овие луѓе, да ја каже вистината на целиот свет и да направи тој да го сврти вниманието кон нив. Токму затоа, на последниот повик за заминување од опасниот Хомс, новинарката решава да остане уште малку меѓу цивилното население кое буквално постојано е под оган, за да ја пренесе во живо ситуацијата од теренот на четири највлијателни светски медиуми. Една, единствена шанса. Како единствен кореспондент од Западот во Хомс, таа ја има ексклузивната можност да ја каже вистината дека сè што се пренесува е лага. Неколку часа подоцна, при обидот за евакуација, Мари Колман е ликвидирана, како жртва на „најстрашниот конфликт кој некогаш го видела“, како што ќе го нарече самата.



## Храброст е да не се плашиш да си исплашен

Да се известува за војна значи да се оди на места каде што никој не е таму своеволно, места растргнати од хаос, деструкција и смрт, во обид да се посведочи. Тоа значи да се најде вистината во бурата од пропаганда и лаги, каде војски, племиња и терористи се судираат. А тоа значи и преземање на огромен ризик, не само по својот живот, туку и на оние кои се придружници.

Новинарите кои известуваат директно од фронтот имаат огромна одговорност и се соочуваат со тешки одлуки, понекогаш поради тоа ја плаќаат и крајната цена. Никогаш не било поопасно да се биде новинар, ќе рече Колман, затоа што новинарите стануваат примарна цел. Така е и во нејзиниот случај. Но, требаше да поминат години, за да се докаже обвинувањето на нејзиниот близок соработник Пол Конрој, дека Мари била всушност планирана цел на сириските власти, лоцирана по сателитскиот телефон кој неколку часа порано го користела за да се вклучи во живо и да ја пренесе пораката – дека во Хомс умираат илјадници цивили, од студ, од глад, од бомбардирање и никакви воени цели или терористи се мета на сириските авиони. Не само што е единствениот новинар од западот во Хомс, таа е првата која го интервјуирала Гадафи по бомбардирањето на Либија од страна на САД во 1986 година, а добила и ексклузивна можност да направи интервју со него повторно по започнувањето на војната во Либија како последица на Арапската пролет. Токму земјите на Арапската пролет се фокусот на нејзината работа во последните години на нејзиниот живот.

„Лична војна“ е прекрасен, динамичен портрет на една жена во суров свет. Во него ја гледаме нејзината борба со последиците од тој животен повик, пост трауматскиот стрес, влијанието врз нејзиниот приватен живот. Сета цена која Колман ја има платено за да ја каже вистината. Токму затоа изобилува со емотивни моменти, каде со секој нејзин успех и демонстрација на невидена храброст, ја гледаме нејзината автодеструкција, нејзиното оддалечување од пријателите, сопругот и доближувањето до сè поголема опасност. Нејзиниот живот го нарекуваат живот на екстреми, на преминување на линијата. Розамунд Пајк ја толкува извонредно главната улога, а потврда за тоа е и номинацијата за наградата „Златен глобус“, токму за оваа ролја. Повеќекратно наградувана, Мари Колман остава огромен белег во историјата на воеcivilното известување како една од најеминентните претставници. Загубата на нејзиниот живот е длабока загуба не само за новинарскиот свет, туку е силен удар врз вистината и гласот на луѓето, цивилите кои живеат во воените зони. Филмот завршува онака како што и започнува, со извонреден кадар на кинематографот Роберт Ричардсон кој се крева од урнатините на зградата во маалото Баба Амр како дух кој напушта некакво тело, додека во позадина го слушаме гласот на Мари Колман пренесувајќи моќна порака: „Се грижев доволно за да одам на овие места и да пишувам, со надеж дека и други ќе се грижат исто како мене“.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија:** Matthew Heineman

**Улоги:** Rosamund Pike, Greg Wise, Alexandra Moen, Tim Hollander, Jamie Dornan

**Сценарио:** Marie Brenner

**Кинематографија:** Robert Richardson

**Музика:** H. Scott Salinas

**Земја:** САД / В. Британија

**Година:** 2018

**Времетраење:** 110 минути

**Награди:** Златен глобус за најдобра женска улога и најдобра музика и др.



# Богомила –
## Колевка на богомилството и на

Богомила спаѓа во редот на старите населби во областа на Бабуна и Азот. Нејзиното име потекнува од познатата верска секта и општествено-филозофското движење наречено богомилство или патаренство, кое било започнато од попот Богомил уште во првата половина на X век и од овие краишта се раширило низ целиот Балкан и Западна Европа. Со оглед на стратешки важната местоположба, на патот кој во срцето на средишниот дел на Македонија води кон Прилепско, Скопско, Порече и останатиот дел на Азот и Велешко, на местото на Богомила имало население уште од древните времиња, кога во овие предели била границата каде живееле античките македонски племиња Пеонци, Пелагонци и останати племиња. Важноста на местото Богомила се зголемила и во римскиот период и во средновековието, за што сведочат стариот камен мост на селото и повеќе остатоци од тврдини и ѕидини на одбранбени утврдувања во околината.

Во текот на 19 век, благодарение на природниот прираст и доселеното население од околните села, Богомила станала значајна населба во горното течение на долината на реката Бабуна. Богомила отсекогаш се истакнувала со луѓе кои биле големи и посветени борци за слободата на Македонија и македонскиот народ. Меѓу нив најпознат е големиот македонски револуционер, еден од основачите на ТМОРО (ВМРО), Петаг Поп Арсов, кој во 1868 година се родил и живеел во Богомила, а денес токму тука се наоѓа и неговата спомен-куќа.

Во Богомила има две цркви, повеќе манастири и свети води. Првата е Горна црква. За нејзината изградба нема точни податоци, но се смета дека потекнува од 13 век. Црквата е посветена на Свети Илија чудотворец и својот патрон го слави секоја година на 2 Август. Втората црква, Долна црква, е изградена во 1837 година и е посветена на Свети Атанасиј. Својот патрон го слави на 31 Јануари, по новиот календар. Покрај овие две цркви, во Богомила се наоѓа и манастирот „Свети Спас“, кој особено е значаен како туристички објект. Во близината на Богомила се наоѓа и манастирот „Св. Ѓорѓија“, на надморска висина од околу 800 метри, обиколен со висока букова шума.


катарството













